СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второто продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 1997 година

Скопје, декември 1997 година

**80( ОСУМДЕСЕТТА) СЕДНИЦА, II ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 3 ДЕКЕМВРИ 1997 ГОД.**

1. АБДИ ФАИК 66
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 53, 58
3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛИ 23, 25
4. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 112, 120
5. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 14, 16
6. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 44, 50
7. МИТЕВСКИ ДРАГАН 58
8. МИНОВ ПАНЧО 97, 105
9. МЕШКОВ ЉУПЧО 105, 111
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
11. РАМАДАНИ ХИСЕН 64
12. СПАСОВ ЃОРЃИ (министер за правда) 2
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 26, 33
14. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 69 ,71
15. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 79, 88
16. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 39
17. ТАИРИ МЕВЉАН 92
18. ХАСИПИ КЕНАН 74
19. ШАЌИРИ ХИСЕН 50

Т.6-стр.1 ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од второто продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември 1997 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,45 часот.

Оедницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесеттата седница на Собранието.

Пратениците Благоја Стојановски, Тодосија Паунов, Стојан Андов и Зоран Шапурик ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Косntатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Стасавме до точката 6 - Предлог за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени. Отворам претрес.

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

I/2 СС/ВБ

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

**ПОЧИТУВАН ГОСПОДИН ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ,**

Во согласност со ветувањето дадено од страна на Владата на Република Македонија во време на донесувањето на Законот за избирачките места денес таа го става пред Вас Предлогот за донесување на Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. .

Оваа материја како што знаеме, досега беше регулирана со Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, донесен уште во 1990 година од тогашното Собрание на Социјалистичка Република Македонија. По донесувањето на Уставот на Република Македонија во 1991 година и по донесувањето на низа други закони од оваа област, врз основа на новиот Устав, како што се Законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација, Законот за локалните избори и Законот за избирачки места, создадена е основа за законско регулирање на оваа материја врз основите на новиот Устав на Република Македонија.

Во членот 62, став 5 од Уставот на Република Македонија, во кој ја наоѓаме уставната основа на овој закон, се вели:

"Начинот и условите за избор на пратеници се уредуваат со закон што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници."

Подготовката на овој закон со право предизвика голем интерес, не само меѓу политичките партии во Република Македонија, туку и во пошироката јавност.

Многумина со право оценуваат дека од аспектот на обликувањето на политичкиот систем, тој има можеби најголема важност по донесувањето на Уставот на Република Македонија.

ЗОШТО Е ТОА ТАКА?

Изборниот модел за кој ќе се определи овој Парламент, но исто така правилата и процедурата по која ќе бидат избирани идните пратеници на овој Парламент, се од голема важност за тоа како ќе се структурира т.н. динамична компонента на нашиот политички систем.

Со овој Закон треба да обезбедиме, пред се задржување на добрите решенија од нашата досегашна парламентарна пракса и создавање на дополнителни услови за стабилност на политичкиот систем, односно за формирање на стабилна влада како услов за продолжување на демократските реформи за кои постои консензус меѓу политичките партии во Македонија. Од друга страна, пак, условите за стабилен^ развој на нашата држава треба да ги наоѓаме во перманентното зголемување на задоволството на граѓаните и на нивните политички партии од изборните закони, од можноста што тие закони ја даваат за избор на најдобрите претставници на народот во Парламентот, како и во зголемувањето на чувството дека гласот на секој избирач има поддеднаква важност.

Поаѓајќи од овие принципи, Владата на Република Македонија Ви предлага денес да го усвоите Предлогот за

донесување на Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и да ја прифатите во принцип определбата за измена на досегашниот изборен модел, како и основните начела и принципи и врз кои ќе се темелат одредбите на овој закон.

ЗОШТО ОВА ВИ ГО ПРЕДЛАГАМЕ?

Досегашниот изборен модел во Република Македонија, кој беше мнозински во два круга покажа многу свои предности. Со него беше обезбедена можноста за создавање на стабилно парламентарно мнозинство од определен број на политички партии, тој им овозможи на голем број пратеници во овој период да се афирмираат, не само во функцијата на членови од одредени партии, туку и во функцијата на претставници на изборните единици во кои беа избрани, а сите членови на Парламентот, водејќи сметка за интересите на својата партија и за државата во целина, не ги испуштаа од видикот интересите на граѓаните од општините во кои тие беа изб»рани.

Оттука, истиот мнозински модел во разни негови варијанти останува и натаму во сила во држави, како што се Франција, Англија, Канада, Индија, Египет и во многу други земји во светот, или поточно, во вкупно 114 односно 54% од вкупниот број на независни земји во светот, во кои се одржуваат парламентарни избори се користи мнозинскиот изборен модел.

Голем број на политички партии во Република Македонија, меѓутоа, особено по парламентарните избори во 1994 година, почнаа да изразуваат незадоволство од постоечкиот изборен модел. Нивните критики на моделот, се состоеа во тоа што според нивна оценка мнозинскиот модел ги фаворизирал само

големите партии и коалиции, дека не обезбедувал праведна застапеност на политичките партии во Парламентот и дека не обезбедувал гласот на секој избирач подеднакво да "вреди при изборот на пратениците.

Во таа насока, се бараше промена на Законот за избор на пратеници и промена на Законот за изборните единици.

Владата на Република Македонија, со големо разбирање им пријде на овој вид забелешки, и самата оцени дека дел од нив се основани.

Водејќи сметка за големата одговорност што ја носи промената на изборниот модел во секоја земја, Владата на Република Македонија денес ви предлага Закон во кој промените би можеле да бидат помалку или повеќе радикални.

Ниту во една од понудените варијанти не се предлага зголемување на бројот на пратениците во македонскиот парламент, бидејќи според сите светски критериуми тој и сега е сосема доволен. За споредба Словенечкиот парламент, брои 90 лица, во Словачка се избираат 83, а во Естонија 101 пратеник.

Помалку радикалната промена на постоечкиот модел е содржана во предлогот за воведување на- комбиниран изборен модел, според кој 80 пратеници би се избирале според досегашниот мнозински изборен модел, во два круга, а 40 пратеници би се избирале според пропорционалниот принцип, односно на ист начин како што беа избирани советниците на последните локални избори во Република Македонија. Во овој случај, ќе се донесе и нов закон за изборните единици, а избраните пратеници од листите на партиите според

пропорционалниот принцип ќе ја корегираат извесната неправедност што  со себе ја носи мнозинскиот модел.

Порадикалната промена на изборниот модел, се состои во можноста. Парламентот да се определи за прифаќање на пропорционалниот модел, со една или со повеќе изборни единици. Овој модел успешно функционира во земји, како што се Австрија, Белгија, Данска, Грција, Норвешка, Турција и многу други, односно во 75 земји во светот или во 35% од оние во кои се одржуваат парламентарни избори.

Некои земји од Источна Европа го напуштија почетниот мнозински модел и се определија за комбинираниот, кој успешно денес функционира во Италија и во Германија. Тоа го направија на пример, и Русија и Унгарија и овој модел познат уште како полупропорционален е на сила во 22 земји во светот или во 10% од оние во кои се одржуваат парламентарни избори.

Голем број други земји од Источна Европа, веќе подолго време успешно го применуваат пропорционалниот модел со поголем број на изборни единици. Такви се, Полска, Романија, Бугарија, Словенија, Чешка и други.

Оттаму, Владата на Република Македонија во оваа " фаза на донесувањето на законот ја остава можноста за натамошно проучување, дебатирање и определување околу изборниот модел, како и околу сите други елементи што ја дефинираат неговата физиономија и ги навестуваат неговите можни импликации.

Притоа, таа е убедена дека со напуштањето на чистиот мнозински модел и со усвојувањето на еден од понудените модели во овој предлог ќе се постигнат неколку основни цели од општ интерес. Прво, ќе се постигне пореална застапеност на политичките партии во Парламентот, мерена според бројот на добиените гласови.

Второ, ќе се добие покомпетентен парламент преку можноста секоја од партиите своите најспособни кадри да ги стави на пропорционалните листи. Трето, трошоците околу изборите заради смалувањето на можноста од повторни избори, или пак, завршувањето на изборите само во еден изборен круг, рапидно се смалуваат. И, четврто, со прифаќањето на еден од предложените изборни прагови за влегување во Парламентот, ќе биде засилена можноста од создавање на стабилно парламентарно мнозинство и за функционирањето на стабилна влада во Република Македонија. При сето ова, не е неважно да споменам дека со примената на изборниот модел ќе се доближиме до изборните модели на Западно-европските земји, од кои 61% го практикуваат чистиот пропорционален модел, а во 2/3 од нив е на сила чистиот пропорционален или комбиниран изборен модел.

Но, Владата не инсистира врз тоа со овој предлог да ја затвори дебатата околу изборните модели. Затоа и предлага Законот да биде донесен во две фази, и во втората фаза од овој закон, заедно со понудениот единствен модел да биде предложен евентуално и Закон за изборните единици, ако има потреба од него.

Во оваа фаза од донесувањето на Законот, Владата истовремено нуди и низа промени во правилата и процедурата за изборот на пратениците, како и основни правила околу водењето на изборната кампања и финансирањето на партиите во време на изборната кампања.

Поаѓајќи од нормите утврдени во Декларацијата за критериумите за слободни и фер избори, усвоена од страна на Интерпарламентарната унија 'во 1994 година, а чиј потписник е и Република Македонија, Законот обезбедува:

- да имаат активно и пасивно избирачко право сите граѓани, односно државјани на Република Македонија кои наполниле 18 години живот и имаат деловна способност;

- правна еднаквост за сите регистрирани политички партии и за сите поединци во предлагањето кандидати за функцијата пратеник;

- на единствен начин уредени односно во постапката за предлагање, утврдување и избор на пратениците во Собранието на Република Македонија;

- еднаквост на сите учесници во изборите во претставувањето на кандидатите и рамноправност во медиумите при нивното претставување;

- неспоивост на функција пратеник со носителите на функциите кои ги избира односно именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, односно со други функции;

- уредување на процесните дејствија со јасно определување на правата и обврските на учесниците во изборите;

- правна арбитража во спорните односи и елиминирање на секаков вид политичко влијание ва донесувањето на мериторни одлуки;

судска заштита во спроведувањето на законитоста при одлучувањето односно постапувањето на органите за спроведувањето на изборите;

- санкционирање на казнивите и недопуштени дејствија за време на изборите со кои се повредуваат правата на учесниците или се кршат одредбите од законот.

Во разработката на сите наведени принципи, Владата на Република Македонија наоѓаше од потребата тие да одговорат на највисоките стандарди за одржување фер и демократски избори, општо познати и во земјите со долгогодишна парламентарна традиција и демократска пракса. Но тоа не претпоставува било каква одбојност кон предлози кои можат суштествено да придонесат за подобрување на овој закон.

Од досегашната расправа по него во комисиите на Парламентот, но и во т.н. прет комисиски расправи беа искажани мошне корисни забелешки кои несомнено ќе влијаат врз подобрувањето на текстот на овој закон и врз отстранувањето на некои пропусти во него.

За сите досегашни забелешки врз текстот на овој Предлог за донесување на Закон, во име на Владата на Република Македонија, јас Ви се заблагодарувам,

Но, во оваа прилика, би сакал да се задржам на некои забелешки, кои предизвикаа најголемо внимание во изминатиот период. Тоа се забелешките врз одредбите со кои се регулира увидот на граѓаните и на партиите во избирачките списоци.

Имено, одредбите во овој закон се однесуваат на увидот на граѓаните и на политичките партии во избирачките списоци се во целосна корелација со Законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација, донесен од ова Собрание во септември минатата година.

Според членот 18 од овој Закон, граѓанинот, а тоа значи и претставникот на било која политичка партија може во текот на целата година да бара да изврши увид во изводот на

Единствениот избирачки список, во службените простории на органот надлежен за водење на Единствениот избирачки список. Според истиот член, став 2 "ако граѓанинот при увидот утврди дека тој, или друг граѓанин не е запишан во Единствениот избирачки список, или утврди дека треба да се изврши запишување, дополнување или бришење на податоците, има право да поднесе барање за запишување, дополнување или бришње на податоци. За таа цел, тој приложува соодветна документација и тоа негово право е заштитетно во двостепена постапка.

Ова, значи дека избирачкиот список не е тајна, и дека секој граѓанин, односно, заинтересиран претставник на политичка партија може да дојде во секое време од текот на денот во било која подрачна единица на Министерството за правда и да побара увид во избирачкиот список, на пример, од својата изборна единица. Ова, значи дека секоја заинтересирана политичка партија, на пример, може со помош на 2.960 активисти да оствари, само за еден ден полесен увид во избирачките списоци на 2.960 изборни места во Републиката кои содржат просечено по 500 избирачи.

За да се обезбеди тој увид од страна на граѓаните и на нивните политички партии и да се отстранат навреме, евентуалните негативности во избирачките списоци и сите сомненија дека некој сака со нив да манипулира, Министерството за правда ги повика граѓаните и политичките партии на остварување прелиминарен увид во избирачките списоци и обезбедено периодот во од 15 ноември до 1 јануари 12-часовно дежурство во сите подрачни единици и месни канцеларии на Министерството за правда. Оваа прилика ја искористија голем број граѓани и претставници на политичките партии, а нивните приговори ќе бидат основа за исправање на укажаните недостатоци.

Имаше политички партии, кои во овој период, меѓутоа, изнесоа мислење според кое избирачките списоци не е доволно да бидат само на јавен увид, туку дека треба да постои можност секоја политичка партија и секој независен кандидат да поседуваат свој примерок од Единствениот избирачки список и од избирачките списоци по изборните единици и изборните места.

За жал, во нашиот Закон за избирачкиот список и избирачката легитимација, членот 38 гласи: "Личните податоци содржани во Единствениот избирачки список се строго доверливи и се заштитени согласно со одредбите на овој закон и Законот за заштита на личните податоци". Ставот 2 од овој член, гласи: "Личните податоци од став 1 на овој член, нема да се употребуваат за ниедна друга цел освен за остварување на избирачкото право на граѓаните. " Оттука, во наредниот член од истиот закон се вели: " Овластениот работник или било кое друго лице, тело или орган, кој е запознат со личните податоци содржани во Единствениот избирачки список е должен да ги чува и заштитува во смисла на член 38 од овој закон."

Иако, многумина од нас ќе се сложат со тоа дека адресните податоци на граѓанинот, па и датумот на неговото раѓање не треба да се прогласуваат за тајна, факт е дека ние со Законот за заштита на лични податоци, сме ја уредиле заштитата на личните податоци, со цел да се обезбеди приватноста и тајноста на податоците кои се однесуваат на лицето, а кои се предмет на прибирање, обработка, чување, користење и размена во облик на автоматизирани или рачни збирки на податоци.

Изборните списоци, пак, како што е познато се збирка на податоци. А во членот 29 од Законот за заштита на личните податоци се вели: " со" парична казна од 20 до 35 плати ќе се

казни раководителот со збирката на податоци ако ... достави лични податоци на неовластен корисник."

Законодавецот при донесувањето на овој закон, можеби го имал на ум сознанието дека граѓанинот треба да биде заштитен од можноста за масовна јавна дистрибуција на неговите адресни, ... податоци или податоците за неговиот датум на раѓање, а истовремено можеби има на ум дека од Единствениот избирачки список како збирка на податоци за сите наши полнолетни граѓани можат да се изготвуваат други збирки на податоци, кои не би биле користени само за остварување на избирачкото право.

Оттаму, тој во Законот за избирачкиот список ја употребил категоријата "Орган надлежен за водење на Единствениот избирачки список и го утврдил правото на граѓаните за увид во избирачкиот список во службените простории на органот надлежен за Единствениот избирачки список.

Постојат земји во светот во кои петнаесет дена пред денот на изборите, изводите од избирачките списоци се лепат пред секое избирачко место, а постојат и земји во кои со закон е дозволено Органот надлежен за водење на Единствениот избирачки список да издава на барање на политичките партии копии од избирачките списоци под одредени услови.

Владата на Република Македонија засега ги почитува сите законски норми за остварување увид во избирачките списоци и создава максимум услови да бидат отстранети сите можни грешки и пропусти во нив. Ако законските норми бидат изменети, Владата ќе постапи според нив.

Со разгледувањето на - овој закон, почитувани пратеници, и со расправата околу условите, па и атмосферата во која ќе ги

одржиме следните парламентарни избори во Република Македонија, сите заедно полагаме уште еден испит на патот кон зацврстувањето. на парламентарната демократија и остварувањето на демократските реформи.

Ви предлагам да започнеме со отфрлањето на меѓусебните сомничења,обвинувања за лошите намери, и Ве повикувам на толерантна и аргументирана расправа која ќе покаже дека по седум години парламентарен живот во Македонија ја знаеме добро абецедата на Парламентаризмот и дека имаме доволно ум и добра волја за продолжување по патот на демократските реформи и дека многу бргу ќе нема потреба било кој да не набљудува и за да му соопштува на светот дали сме способни за фер и демократски избори.

ВИ БЛАГОДАРАМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Го поддржувам предлогот за донесуваше на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со кој ќе воведеме нов изборен модел, а се надевам и ќе го вградиме целото наше позитивно искуство од овие 7 изминати години од парламентарното живеење.

Најпрво, малку ќе се осврнам на изборниот модел,а потоа ќе дадам некои забелешки на конкретниот дел на законот.

Искуствата од последните парламентарни избори силно ја нагласија потребата политичките партии во Република Македонија сериозно да размислуваат за најсоодветен изборен модел на новите парламентарни избори, што ќе одговара пред се на потребите и интересите на граѓаните на Република Македонија и, се разбира, на определбите на политичките партии како експоненти на тие интереси.

Иако и во науката и во политиката не постои единствен став за значењето на изборните модели за развој на политичкиот систем воопшто, како и за развој на демократијата во едно општество, неспорно е дека преку изборниот модел се создаваат можности за освојување на власта, а со тоа и влијание врз развојните текови на секоја држава, а особено развојот на демократијата.

Токму затоа во нашата јавност, а особено преку политичките партии владее голем интерес за новиот изборен закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а посебно околу изборниот модел.

I/15

Во определувањето за еден од изборните модели, Пратеничката група на СП на Македонија поаѓа од констатацијата дека не постои идеален изборен модел. Тоа е искуство и на земји со многу долга и подолга традиција од нашата. Изборните модели не можат едновремено и целосно да ги задоволат различните барања и потреби, а ниту еден изборен модел не е оптимален од сите аспекти» за донесување на таков закон и изборен модел што ќе овозможи најдоследна презентација на потребите и интересите на граѓаните на државата.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:** (продолжение)

Кои се критериумите за обликување на изборниот модел? Иако е општо прифатена оценката дека не постои идеален изборен модел кој што би можел да се примени во сите земји со парламентарна демократија, изборниот модел треба да задоволи повеќе критериуми од кои неколку се многу битни.

Прво, регионална застапеност или географски аспект како се вика, во Парламентот да имаме застапено пратеници од сите региони во државата.

Потоа од функционален аспект во Парламентот да бидат застапени поголемите политички партии, но нивниот број не смее да биде многу голем за да не ја загрози функцијата на Парламентот.

Трето, изборниот модел треба да даде можност и за избор на независни кандидати покрај кандидатите на политичките партии. Гледајќи го сето тоа Парламентот треба да претставува "огледало на државата" и во него треба да бидат претставени сите структури и слоеви на општеството, етнички групи, полова застапеност, млади и возрасни, богати и сиромаси и т.н.

И, конечно изборниот модел треба да и овозможи и на опозицијата чувство дека ќе победи на наредите избори.

Како што нагласи и министерот денес во 211 држави во светот со демократски систем се вршат избори за нивните парламенти. Иако постојат голем број на изборни модели, денес главно се застапени девет модели од кои сите може да се групираат во три мнозински, пропорционален и мешовит или пропорционален и секој од овие се разбира се појавува во повеќе подваријанти.

Според моите подучувања во светот најзастапен е мнозинскиот изборен систем во еден круг т.н. првиот поминува кој се применува во 68 земји во светот. Потоа, пропорционалниот кој се применува во 66 земји,

и на трето место по бројот на земји во кој се применува е мнозинскиот во два изборни круга како што беше нашиот досегашен изборен модел кој се применува во 31 земја. Мешовитиот односно комбинираниот модел се применува во 20 земји во светот.

Уште еден интересен податок кој што го изнесе г-динот министер, двете варијанти на мнозинскиот изборен систем во еден или во два круга е застапен во 114 земји во светот односно во 54% од земјите во кои што е застапена демократија. А, сите варијации на пропорционалниот модел е застапен во 75 држави, а мешовитиот односно полупропорционалниот во 22 земји.

Набљудувајќи ја застапеноста на моделите во функција на бројот на населението во соодветни земји најзастапен е повторно мнозинскиот изборен модел, првиот поминува значи во еден круг, според кој гласаат една милијарда осумсто четириесет и девет милиони гласачи.

Сега би сакал да кажам нешто околу бројот на пратениците. Мислам дека е добро што предложи Владата бројот на пратениците да остане 120 бидејќи Македонија е таква држава што одговара некаде бројка од 100 до 120 пратеници.

За каков изборен модел треба да се определиме?

Пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија предлага да се усвои алтернативата и на претстојните избори да се оди со пропорционален модел со 10 до 15 изборни единици. Овој став го предлагаме од следните причини:

Прво, пропорционалниот модел овозможува во најголема мерка да се валоризира секој глас на граѓаните и во Парламентот да партиципираат пратеници од повеќе политички партии. Со тоа се создава можност за квалитетна конкурентност и мноштво на идеи и предлози

што ќе се преточуваат во конкретни законски решенија во државата.

Второ, се создаваат услови за формирање квалитетна опозиција што ќе остварува контролна функција врз власта и ќе реагира врз сите пропусти и слабости што ќе произлегуваат односно што ги произведува позицијата.

Трето, се спречува егзистирање на доминантен партиски систем како една политичка партија каде една политичка партија има доминантна позиција.

Потоа се спречува создавање вештачки политичко мнозинство.

Петто, се спречуваат екстремни политички превратни што не се темелат врз промените на политичките ставови на избирачите.

Се обезбедува можност за учество и остварување на интересите на националностите во политичкото одлучување што е посебно од интерес за РМ.

Воведување на повеќе изборни единици, 10 до 15 обезбедува корекција на слабата страна на пропорционалниот изборен модел во кој што целата држава е една изборна единица.

Изборот на пратеници по пропорционалниот модел ќе заврши во еден изборен круг, затоа изборите се значителни поевтини и се стеснува просторот за манипулација и "купување на гласови" што може да биде мотив за оспорување на легитимитетот на изборните резултати.

Овој модел со повеќе изборни единици овозможува коректни и почесни избори. Се сеќаваме дека најголеми гужви се создаваа во досегашните избори во временскиот период помеѓу двата изборни круга.

Пропорционалниот изборен модел со повеќе изборни единици обезбедува на кандидатските листи да се најдат кандидати од поширок простор на државава и лица кои не се доволно познати, во конкретните средини на избирачите што е можеби слаба страна на овој модел,

но се цени дека во однос на другите предности не треба да се пренагласува како негативност.

Искуствата во многу земји говорат дека пропорционалниот модел со повеќе изборни единици во себе ги апсорбира во извесна смисла добрите страни и ги амортизира слабите страни на чисто пропорциналниот модел во однос на било кој друг и поради тоа е применет во повеќе земји од Европа.

Мнозинскиот модел со 10 до 15 изборни единици во себе може да содржи елементи на мнозинскиот модел, со оглед дека гласовите под изборниот праг не се прелеваат од една во друга изборна единица односно нема да значат ништо како што е тоа случај во мнозинскиот модел.

Овој модел покрај тоа што релаксирачки влијае на меѓупартиските односи и подигањето на меѓупартиските тензии и посебно кандидатите од различните партии, тој обезбедува внатре во партиите да не дојде до непотребни тензии и внатрешно партиско разијдување и конфликти.

Конечно овој модел се применува и во нашето соседство, во Грција и во Бугарија и според разговорите што ги има со пратеници од овие две држави тие се задоволни од моделот и мислат дека е правичен.

Сега, неколку конкретни забелешки на текстот на законот. Во членот 5 се вели дека функцијата пратеник е неспоива со извршување на административни работи во органите на државата.

Потоа во членот 6 се кажува дека униформираните лица од армијата и од полицијата може да се кандидираат и да бидат избрани за пратеници, но ќе им престане функцијата. Тоа исто би требало да се однесува за сите административни работници бидејќи според Уставот сите е рамноправни, како и на униформираните лица од полицијата и

од војската со нивниот избор ќе им престане мандатот односно работното место таму каде што го имаат.

Во членовите во кои што се објаснуваат изборните емисии како се составени, немам забелешки на тоа како се составени, туку не сретнав ништо како тие одлучуваат како работат, кога имаат мнозинство и кога одлуките се валидни и т.н. Мислам дека би било добро да се стави еден член кој ќе ја дефинира работата на изборните комисии.

Во член 45 каде се дефинира лепењето на изборните плакати, мислам на овие избори и парламентарни и на локалните избори имавме многу грозна слика, сите градови беа полни со искинати плакати, залепени едни преку други, сум присуствувал во многу држави каде што се вршеле избори и никаде не сум сретнал таков неред. Иако во законот за локално изборни воведовме казнени одредби никој не ги спроведува никој не покренува прашаше за одговорност и за време на локалните избори имаше една добра работа која што општината намести паноа на кои што партиите можеа да лепат плакати. Мислам дека треба уште еден мал чекор општината да ги одбележи местата и на кои места политичките партии според извлечениот редослед да лепат плакати. Тогаш ќе се знае на секоја партија каде и е местото и друга партија не може тука да лепи. Мислам дека ќе ја подобриме сликата на нашите градови и села за време на изборите.

И, таму, уште на едно место се вели дека кинење на плакати е забрането како поим, тоа ништо не значи може да има само некакви казнени одредби кои што ќе се спроведуваат и ништо повеќе. Инаку, забрането е капењето во река, па се капат деца и никому ништо.

II/6

Е, сега, при финансирањето на изборната кампања на пратеник организаторот може да потроши најмалку 15 денари, се вели во членот 53. Предлагам тоа да биде вредност од 31 денар во висина на една германска марка. Мислам дека така беше и за време на локалните избори и треба да се дефинира што ќе се случи, ако се утврди ако таа вредност е значително пречекорена. Инаку во спротивно нема смисла.

Околу гласачките ливчиња, мислам многу битна работа и во законот е предвидено кај пропорционалниот модел дали ќе биде 10 до 12 изборни единици или ќе биде мешовит за оној пропорционален дел да се напишат листи со сите кандидати на избирачите и да се направат толку ливчиња колку што има партии односно колку што има кандидати за пратеници. Замислете една изборна единица каде што ќе има 15 до 20 партии кои предложиле свои листи и сега доаѓа гласачот, нека биде тоа некој постар повеќе кој што ќе му дадете вие 20 изборни листи и сега тој треба да влезе во боксот и да ги чита сите по ред па да ја најде онаа листа која што треба да ја стави во пликот, а на другите незнам што треба да им направи, да ги стави во џеб или да ги фрли и да се врати назад и да го стави пликото во кутијата па ако е мешовит систем да земеме гласачко ливче за избор на пратеник по мнозинскиот систем повторно да се врати во боксот да го заокружи бројот, да се врати назад, најбрзо таа процедура за еден гласач неможе да биде покуса од пет минути. А ние предвидовме на едно изборно место да гласаат околу 1200 избирачи. Јас мислам дека со оваа процедура неможат да гласаат повеќе од 400 гласачи. Постојат решенија доста елеганти јас имам тука неколку се надевам дека ги има и министерот кај себе каде што една можност е да листите со имињата да се залепат пред гласачкото место и да се истакнат јавно, а на гласачкото ливче да биде едно, да се состави само политичката партија и симболот на партијата или пак евентуално и

Има решенија каде што и сликата на лидерот иако е 10 до 12 изборни единици со мал број на пратеници може да дојдат тука и кандидати за пратеници, ако се 4 0 тогаш да остане само симболот и името на партијата и место каде да се заокружи или да се стави некој икс или да се штиклира и т.н.

Мислам дека ова е важно и дека Министерството и Владата ќе најдат поелегантно решение кое што ќе овозможи брзо и ефикасно гласање односно гласањето да тече непречено за да можат навистина оние 1200 гласачи кои што ги предвидовме на едно изборно место да гласаат, затоа што и на последните локални избори имавме листи на кои што стоеја сите кандидати. Па луѓето место да заокружуваат партија тие го заокружуваа името на лицето кое што е еден од кандидатите за советници и сите тие такви ливчиња беа третирани како неважечки и најголем број на неважечки ливчиња имаше токму поради тоа. Луѓето едноставно грешеа несакајќи имаа најдобра намера и знаеја за кого ќе гласаат.

Овие разни решенија што ги покажав овде сепак зависат од степенот на едуцираност на државата во која што се гласа од наједуцирани до најмалку едуцирани држави. Ние ако спаѓаме некаде во средина или во горната половина треба да се одбере соодветно ливче кое ќе одговара на нашите потреби.

И уште нешто што е важно кое што на минатите локални избори ни создаде големи проблеми, а тоа е гласањето на војниците. Тука е регулирање на немоќните лица. Проблем е еве да почнам со гласање на немоќните лица како ќе гласаат тие. Добро е предвидена техниката како ќе оди, кој ќе оди таму. Ако одат минимум две лица, значи го растураме избирачкиот одбор кој што е на избирачкото место, а едно лице секако не може да оди таму затоа што ќе падне сомнение

дека тој го сменил тоа ливче кое што гласало изнемоштеното лице. Значи таа техника треба да се регулира до крај затоа што или да сте на ниво на град или незнам на каков да избере една таква комисија која што ќе ги спроведе тие избори и ќе се врати, ќе ги донесе ливчињата на избирачкото место.

Уште поголем проблем е гласањето на војниците кој што знаеме минатиот пат создаде големи тензиии во општини во Македонија каде што гласањето за градоначалник беше изедначено до последен момент и каде што 2,3 5 и 6 гласа одлучуваа за победа и секогаш се разбира тука е страната која губи и цени дека е нечесно направено. Мислам дека е најдобро, војниците треба секако да гласаат, гласањето во касарните да се одвива еден ден порано на пример во сабота. Во сабота во 17 часот да заврши гласањето, да се запечатат листите и сега се дистрибуираат листите, а во недела до сите изборни единици за кои што гласале, Македонија е мала се стигнува за два сата, една кола може да ја помине цела Западна Македонија, една кола може да ја помине цела Источна Македонија и до 19 часот кога ќе се затвори избирачкото место сите ливчиша од изнемоштени лица и од војниците да бидат на лице место и кога избирачкиот одбор ќе почни да брои гласови да нема после тоа никакво пристигнување на дополнителни листи.

Толку имав за забелешките на законот.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитуван министре, денеска поаѓајќи од намерата да дадам сопствен придонес

околу предлогот за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на РМ кој денес е предмет на расправа ќе се обидам да го дадам сопственото мислење како и да го искажам ставот на мојата пратеничка група околу овој предлог за донесување на овој закон, покрај фактот што не сум сила која може да донесе дефинитивно решение.

Од страна на предлагачот ни се сервираат два модела за избор на пратеници од кои треба да се изнајде подоброто решение односно да се определиме за едниот од двата модела. Притоа морам да наведам дека определувањето за било која варијанта од предложените сепак за разлика од досегашното парламентарно искуство ќе биде чекор напред.

III/1/РД/лј

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ** : (продолжение)

Во оваа прилика не сакам да давам забелешки околу органите за спроведување на изборната кампања, за финансирањето на таа кампања, спроведувањето на изборите итн., туку најреално да се определиме за подобриот модел, пред се во интерес на гласачите. Од кога ќе се определиме за тој модел, тогаш ќе ги дадеме во наредната фаза, нај барем лично мислам ќе ги дадам забелешките што ги кажав пред малку.

Ставот на мојата пратеничка група ова прашање е познато, тоа значи дека ние ќе се залагаме пратениците да се избираат според пропорционалниот принцип, со една изборна единица за цела Македонија. Јас ќе се обидам да кажам зошто ние сме за моделот број два односно пропорционалниот модел со една изборна единица, ќе наведам кои се предностите на овој модел, а кои се слабостите и кои се недостатоците на првиот односно мнозинскиот модел комбиниран со пропорционалност. Расправајќи од призмата на мнозинскиот модел кој веќе е применет кај нас во два наврата во 1990 и 1994 година како модел за кој веќе имаме некакво искуство, недвосмислени се недостатоците во практичната примена. По овој принцип се избира оној кандидат кој ке го добие мнозинството од вкупниот број на гласови на избирачите кои излегле на гласање. Притоа, се добиваат два вида на победници. А тоа се апсолутни победници и релативни победници, односно одредени кандидати добиваат апсолутен број на гласови додека други да речеме само со 20% од вкупниот број на гласачите. Исто така, со овој принцип малите партии немаат шанса да влезат во парламентот. А тоа значи дека тие партии нема да ги имаат своите претставници кои би ги аргикулирале интересите на одреден број на гласачи. Од друга страна, со мнозинскиот принцип манипулативното влијание кон избирачите е

многу посилен. Мнозинскиот принцип произлегува неизбежен расчекор помеѓу поддршката кај една определена партија во едно избирачко тело изразено во соодносот на бројот на усвоените гласови и бројот на местата во парламентот.

Зошто се определуваме з а пропорционалниот модел, со една изборна единица во цела Македонија. Овој изборен принцип има повеќе позитивни страни. Како прво, ќе се материјализира секој глас, односно нема да има изгубени гласови. Потоа, ќе има далеку помали трошоци за државата. Ќе има послабо манипулативно дејство кај избирачите можни се разни коалиции по завршувањето на изборите. Се разбира, ако партиите најдат заеднички јазик. Покрај тоа, што за пропорционалниот принцип немаме никакво искуство иако можат да се користат искуствата на некои европски демократски земји на овој план, сепак овој модел има предимство. Со него може да и се обезбеди и на секоја политичка партија одреден број на мандати што ќе биде во сооднос со нејзината нумеричка сила. Преку него се обезбедува изразувањето на волјата на избирачкото тело во парламентот.

Сосема на крајот сакам да подвлечам дека пропорционалниот модел со повеке изборни единици е неприфатлив за мојата пратеничка група, а во краен случај како компромисно решение би поддржале^една варијанта која би имала сооднос 50 со 50 комбиниран со мнозинскиот и пропорционалниот принцип.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер почитувани пратеници

Веќе навлегуваме во онаа фаза кога пакетот на изборни закони треба да го заокружиме и со една голема сигурност идната го- дина ќе имаме веќе парламентарни избори. Добро е што овој закон оди во две

фази, добро е што се преземаат повеќе активности од повеќе субјекти, не само од Министерството од правда, како најкомпетентно и ќе биде добро ако, како што рече министерот во една толерантна и демократска атмосфера ги искажеме своите ставови, забелешки впечатоци јас би сугерирал дека желбата е да донесеме коректен закон кој што ќе ги артикулира интересите на сите политички субјекти во државата да биде проткаен со многу печатоци, кои што особено ги имаме и ги носиме со нас од последните парламентарни избори, па ако сакате и локалните избори затоа што добар дел од материјата може да се смета како идентична и може да се изнесасат многу искуства од она што на некој начин за членови на совети избиравме советници по пропорционален модел.

Овој мој апел се базира на тоа што ние како една мала партија, демократска партија на Македонија, сепак, бевме учесници на еден изборен маратон на локалните избори во Тетово од кои што можеме да сугерираме многу искуства со комплетна коректност да не овозможиме во новиот закон да влеземе во грешки и би било лошо ако тие се намерни, не е страшно ако тие грешки се ненамерни и се плод сепак на едно недоволно искуство. Затоа веројатно ќе спомнам и многу наши искуства, па ако сакате и од изборите пред неколку дена.

Во однос на она што носи овој предлог на закон, јас сметам дека ќе мора ние да се навратиме и на недефинираните решенија на изборната легитимација, дали со слика или без слика, дали дефиниран број на изборни легитимации, или можност за издавање и во тој пред- изборен период дополнителни легитимации и се разбира, можноста за манипулација. Понатаму, прашањето на избирачките списоци е многу актуелно, дури фундаментално и по мене веројатно ако следиме земји кои што стартуваат да речеме од една или слична позиција, тогаш треба да користиме искуства од тие земји и јас при оваа моја подготовка се

користев со искуството од Република Словенија. Но, за тоа понатаму на крајот ќе кажам.

Во однос на изборниот модел, се водат додта аргументирани и конструктивни дискусии, Демократската партија на Македонија е за пропорционален и зборен модел во кој што целата држава ќе биде една изборна единица, од следните причини. Пред се, ефикасноста на моделот, дека изборите условно завршуваат во еден ден и можното пролонгирање со намерно нарушување на изборите, изборните процеси и закони, што во мнозинскиот модел има и доминантно влијание. Кај пропорционалниот модел резултатите од едно изборно место, или две или три, немаат влијание ако имаме пропорционален модел на ниво на целата држава. Еквивалентноста или еднаква вредноста на сите гласови е исто така многу важен елемент за развој на демократските процеси. Понатаму во понатамошниот тек на изборниот мандат немаме никакви проблеми со дополнителни избори, бидејќи се доставуваат изборни листи, со тоа што предлогот на демократската партија на Македонија е предлагачот да предлага кандидат за изборното место по било кој основ. Тоа да ни биде по редот на листата, туку предлагачот на листата да предложи од следни практични причини. Во меѓувреме може оној кој што котира високо на листата да ја променил политичката партија, политичката боја може би променил и професија и функција итн., итн., затоа следи уште едно ефикасно решение кое што ќе не воведе во една ефикасна изборна процедура. Овој модел елиминира за време на мандатот исто така променување на партиските бои, како што имавме случаи, формирање или изградување на нови политички субјекти од членовите на пратениците, така да практично имаме еден дефиниран модел, многу едноставен и за примена и во понатамошната функција.

Мнозинскиот модел го имавме во два изборни мандата, со сите негови добри и лоши особини, искажани тука, од кои што најважни се следните. Можност со многу мал број на гласови да се постигне изборна победа во изборна единица, за разлика од ако биде комбиниран модел каде што легитимитетот на пратеникот ќе даде многу поголем број на избирачи дури во просек некаде 10 10 15 илјади гласови.

Прашањето на манипулации, прашањето на фалсификата, прашањето на се она што се случува помеѓу првиот и вториот круг, веќе мислам дека треба да биде едно болно искуство од кое што треба да се ослободиме и што побрзо да го заборавиме.

Во пропорционалниот модел, можноста за такви сомнителни комбинации уцени и слично се минимални затоа што пропорционалниот модел со една изборна единица е и модел на таканаречен нокаут систем и никој ниту може, ниту смее да се пазари пред првиот круг, а првиот е и последен. Сите тие работи се елиминирани.

Второто подрачје е подрачјето на изборни комисии. Значи избирачки списоци достапни на сите партии учесници во изборите, состав на изборни комисии од државна до избирачки одбори. Едно многу значајно прашање, дури објективно поважно и од моделот од следните причини. Избирачките списоци сега се привилегија само на оној кој што ги организира изборите, а тоа е актуелната власт. И се раз бира партиите блиски до таа коалиција или заедно сите. Сите оние аргументи кој што министерот ги изнесе за можноста за злоупотреба на тие лични податоци важат и за оние кои што располагаат со тие податоци. Зошто сега некој да биде привилегиран и да имаме во него сигурност дека нема да ги злоупотреби тие податоци, а дека ние другите политички субјекти ќе ги употребиме тие податоци. Избирачките списоци на сите партии

кои што учествуваат во изборите, па по цена и на одредена накнада или партиципација по трошоците, се реално , демократско решение кои што го имаат земјите со развиена демократија. Никој не може да спречи некој ако сака да злоупотреби податоци да се послужи со телефонски именик и други современи средства за комуникација денеска. Државна изборна комисија, изборни комисии, избирачки одбори. Ако за државната и изборните комисии може да постои некоја партиципација на релација позиција и опозиција, која исто така ќе ја прокоментирам, никаде во законот не стои на кој начин се избираат членовите на избирачките одбори. По мене најважните субјекти многу значајни, оние непосредни организатори и спроведувачи на изборите практично таму каде што се води изборната битка во изборните места. Прашањето на партиципација на позиција и опозиција. Што е позиција, што е опозиција е многу релативно, затоа што имавме позиција составена од сојуз и имавме потоа ситуација тој сојуз да се распадне. Сега ние таму внесуваме критериуми на партии кои што усвоиле најповеќе гласови, партии кои што апстинираат, или може да се случи партијата да има партиципација во одредена изборна единица, а нема свој кандидат. Нема интерес, нема одговорност и нормално не е заинтересирана. Сето тоа ќе го девалвира трудот и ангажирањето на другите учесници во изборите на другите партии. Мислам дека тука треба да се оди посмело, поеластично со право во тие комисии да имаат свои членови и другите политички субјекти. Примери имаме многу или премногу. Повторувам локалните избори во Тетово и тој локален маратон од 100 дена укажа на многу слабости објективно на недоизграденост на законот и м ислам дека сите тие субјекти и тие што ќе ги изнесуваме треба да бидат прифатени како добронамерни.

III/7.-

Избирачките одбори, како пример пред три дена на изборите во Тетово на две гласачки места, по шест члена на избирачки одбори тоа се 132 ниту еден претставник или делегиран од демократската партија на Македонија кој што има свој кандидат за пратеник. Кој критериум, кој модел, кој модус која правдина која неправдина, која сила на политички субјект. Политички субјект не кандидира таму пратеник, а има свој претставник. Мислам дека тоа се значајни пропусти кој што на овие трети парламентарни избори не смеат да ни се случуваат. Во тоа е уште едниот недостаток или фелер на мнозинскиот систем со два круга. Мотивираната на членовите на избирачките комисии во вториот круг се соодветни или спласнуваат соодветно на заинтересираноста на партијата дали има свој кандидат во вториот круг или нема.

Изборната кампања, медиуми, државни,приватни, злоупотреба или се она што значи можност за манипулирање кој ги има медиумите и помалку пари, или обратно, многу пари и помалку медиумите со себе условно земено е потенцијален победник на сите избори во светот. Не .само кај нас. Спрема тоа, ако пред некој ден целата Влада на Чешка мораше да поднесе оставка заради сомневање во злоупотреба заради кампањата, ако еден претседател на САД или потпретседателот мораат да даваат непријатни одговори, дури за едно банално прашање, користе-ње на телефони во Белата куќа за време на изборната кампања, можеме да сватиме колку демократски развиените земји отишле во детално прецизирање на сите услови на игра. Изборите се играна повеќе субјекти

Што ни се случува нам. Пред се нам ни се случуваат такви нешта никој да не чувствува одговорност, ниту актуелната власт, ниту партиите од опозицијата, ниту медиумите, ниту членовите на избирачките одбори, изборните комисии и државната изборна комисија. Ќе појдам по ред. Кои консеквенции и кои последици можат да сносасат членови на

највисокиот орган, во државна комисија, освен морално чувство на одговорност. Имавме случаи ќе дадат оставка, ќе си ја завршат работата, ако се инструирани да ја завршат работата во полза на некој политички субјект и понатаму немаме никакви шанси. Истото тоа се пренењсува на сите нивоа, вклучувајќи ги и избирачките одбори. Во делот каде што се предвидени овие санкции, мора да ги поврзам овие две глави, мора да се предвидат и санкции за прекршителите на овие функции високи и тоа санкциите мора да имаат повеќе димензии. Покрај моралната мора да биде воведена и материјалната функција но која што ќе биде позначајна. Ако за најтешкиот прекршок во изборот на пратеници е предвидена максимална казна од само неполни 2000 марки ќе ве молам, дали е тоа една санкција за толку една значајна активност како што се избори во една држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Највисокиот акт во државата, после Уставот е најважниот и најинтересниот закон во државата, затоа што од овој закон понатаму произлегуваат сите закони во државата, затоа што овој Парламент може да интервенира по сите закони и нив да ги дотерува. Така, Законот за изборот на пратеници после Уставот е закон број 1, затоа што сите закони произлегуваат од овој дом, вклучувајќи нови закони. Ние пред избори секогаш ќе се договориме фер и коректно дека ќе имаме фер и коректни избори, медиумите ќе се искажат убаво како што знаат и умеат и тука можеби можеме само да им завидуваме, а потоа во изборите ќе ни се случува се и сешто, од она во предизборниот молк да имаме настап на министри на втора програма, на прва програма и на други програми, ќе имаме нарачани написи во саботните изданија и изданијата во петок, па и во неделните изданија, ќе гледаме разни носители на функции во разни сојузи, друштва и тн., во една задскриена форма, а сето тоа е предизборен маркетинг. Во саботата имавме една непријатност, за еден нарачан напис во рубриката "Писма" од Здружението на борци на Тетово во однос на наши така да речам локални прашања и проблеми, што зазема доминантно место, а тоа ме чуди, сепак во државниот и официјален весник на РМ "Нова Македонија",каде што во половина весник се напаѓа Демократската партија на Македонија, а во втората половина натписот кандидатот за пратеник на ова партија г-ѓа Јангула Куновска, а само десетина часа пред изборите. Истиот ден на изборите пак, локални медиуми повикуваат граѓани да го дадат својот глас за еден кандидат. Можете да претпоставите за кој кандидат, без никакви последици и санкции, а овде ние практично ќе употребиме и коректност и толеранција и  демократски надзор, за да донесеме поприфатлив закон.

IV/2

Поентата на овие детали е дека медиумите во предизборната кампања имаат огромно влијание, а никаде не стојат санкции за медиумите, ако го прекршат молкот. Тоа мора да се предвиди во втората фаза, немам конкретни предлози, но министерот е тука и веројатно од сето ова ќе извлече одредени корисни сугестии.

Користење на државни и јавни фондови, функции, вклучувајќи ги и единиците на локалната самоуправа во изборната кампања, од она што значат невкусни пароли, невкусни реклами дека нечија специјалност е да произведува струја, а незнаеме што е другата специјалност, до она покрај рекламите веќе веднаш ги следиме и активностите на одделни политички субјекти, значи платени преку тие фондови до мноштвото на ставање камен темелници и на многу значајни објекти, како што се пруги, брани, автопатишта, па до она што велиме ние кај нас мали чешмичиња и други локални објекти.

Мојот предлог и предлогот на Демократската партија на Македонија за време на финишот на кампањата од тие 60 дена да нема никакви активности што значат јавен сектор, никакви нови трафостаници, нови пошти и камен темелници за вакви објекти. Тоа е секаде и неможе тие јавни објекти да бидат употребени во предизборна кампања. Да не зборувам за она што во тие денови значи еден патувачки караван со државната ергела од мноштвото министри преку она што значат помош на стопанството, помош на институции, дента ќе доиме таму за да имаме вечерта предизборни собири и митинзи, со се она што значи целиот тој дел на луѓе, целиот потенцијал, едноставно ќе употребам збор немам соодветен збор, го потераме таму во тие сали и во тие дворови на предизборни митинзи.

Членот 49 се обидува да регулира одржување на предизборни собори во одредени локалитети. Велам, се обидува затоа што не го разрешува проблемот, само го актуелизира и сметам дека на тој начин проблемот не се разрешува.

Предлагам во членот 49 веднаш да бидат изземени како можни објекти за предизборни собири воени објекти, верски објекти, домови за старци и болници. Дозволи за собири во училишта, детски градинки, простории на локална самоуправа и месни заедници нема потреба да се издаваат и не треба да се бараат. Тоа се објекти кои припаѓаат на сите и во кои треба да се одржуваат предизборни собири, затоа што барањето дозвола од директорите значи барање дозвола до актуелната власт, што знаме како ќе заврши и за ваша повторна апликативна информација пред неколку дена во едно училиште во Тетово побаравме да одржиме собир бидејќи во тој дел на градот нема соодветна дворана, бевме одбиени од директорот на таа образовна институција. Нема потреба да го именуваме, затоа што тоа е правилно.

Членот 52 ги предвидува финансиските услови за изборни кампањи. Прашањето на минимумот и максимумот е многу релативно и немам некој конкретен предлог, меѓутоа, сакам да актуелизирам едно прашање кое се повеќе станува актуелно. Во членот 52 многу убаво е предвидено дека несмеат да се користат средства од странски влади и меѓународни институции и органи, организации и тн. Ние сме далеку, условно земено, од предизборната кампања, веќе сега политички субјекти не кријат, туку афирмираат дека во наредните изброи ќе имаат официјална поддршка од една странска влада. Нема смисла и неа да ја

спомнувам, бидејќи сепак е ова јавна говорница, ова е Парламент на РМ. Вие сите ги следите медиумите и сте информирани за такво нешто. Сметам дека тоа значи инволвирање во работите на една самостојна независна и суверена држава. Протежирање на некоја политичка партија од странска влада, меѓународна институција и асоцијација, точно, практично инвестирање во нечиј интерес понатаму, што може да биде многу опасно во однос на она што сите го сакаме, го усвоивме, го верифициравме, самостојна, независна држава.

Заштита на избирачкото право е предвидено во Главата X. Мислам дека не е доволно прецизно еден многу важен сегмент што мора д биде респектиран, бидејќи правото на приговор, жалба и слично е една од основите на сите изборни закони за пратеници и само ќе се навратам повторно маратонот за градоначалник во Тетово траеше 100 дена. Видовме се и сешто, видовме и физички пресметки, видовме одолговлекување на изјаснување на повисоките истанци, поврзувани со новогодишни, божиќни, верски и какви не празници, за да сето тоа остава еден тежок и мачен впечаток дека некој се труди во изборите со одолговлекување да протежира краен исход на изборите. Сето тоа мора да се земе предвид и со една сугестија по можност легалните судови, кои се една алка од независното судство, што помалку да бидат инволвирани во законот за избор на пратеници.

Казнените одредби мораат да бидат попрецизни и многу поригорозни за да не се прифаќа секој на таква одговорна функција, што значи да се биде член на било која од овие комисии и уште едно

прашање, поврзано со следното: велиме толерантна атмосфера и демократски реформи. Ако е така, зошто во изработката на овој закон секогаш поаѓаме дека некој има услови да фалсификува, а некој ги нема тие услови. Зошто тој што ги има тие услови не ги шприфати сугестиите и со тоа практично на на едноставен начин да отфрли инсинуации и можности дека некој фалсификува и е спремен да фалсификува избори. Како инаку да објасниме дека ние усвоивме закон со 1200 избирачи да можат да гласаат, ако во еден ваков комплициран модел, ако биде комбиниран, имаме некои математики што ги проверивме пред 3 дена. Нашето учество на изборите во Тетово пред 3 дена точно беше проверка за тоа колку сме подготвени за фер и демократски избори. На едно гласно место од 1150 можни гласачи гласале и го дале својот глас 960 гласачи, изразено во проценти тоа се фантастични 96-97%. Теоретски ако се земе дека ефективно изборите се обавуваат по 8 часа, а не во 12 часа, ги знаме дека амплитуди на тој временски тајминг, изглегува една математика дека во една минута гласале тројца грагани. Невозможно, затоа се нашите приговори, затоа треба во рамките на овој закон да се размислува за оние закони кои ги усвоивме. Мораме да се навраќаме и на нив, легитимацијата ја споменав и само ќе споменам дека е потребно да донесеме закон за неспојливост на извршување на јавна функција со профитна дејност или да го преточам во овој закон, Демократската партија на Македонија се залага за професионализација на функцијата пратеник, под полна професионализација, која ќе ги исклучи сите оние кои се бават со профитна дејност и на други јавни функции, за да можат да бидат пратеници. Словенечкиот модел е добар и не би сакал да ве

заморувам, точно е предвидено што е профитна дејност, а што не е и само за да нема веднаш недоумици да кажам: под профитна дејност не се смета сопствена куќа, сопствено земјоделско земјиште, викендичка, бавење со културна, научно истражувачка и публистичка дејност. Точно вака стои. За тоа време може да се кандидира пратеник и човек кој што се бави и со профитна дејност, за време на мандатот одредува управник или менаџер на дејноста која е негова, имотот кој што е негов. Тоа значи е едно важно прашање, на кое мора да се обрне внимание и не би сакал да ве заморувам што би значело професионализација на таа функција од призма на она седници на Собрание, редовност, комисии, активно учество, незлоупотреба на функцијата пратеник во други цели и тн. Веројатно тогаш ќе немаме потреба и од мобилни телефони тука и од ѕвона и други придружни реквизити, не ќе мора тука да чекаме и да се договараме дали ќе има или ќе нема седница. Сето тоа ќе си биде санкционирано, веројатно според други закони и одредби кои ќе мора да го следат овој закон и веројатно со овој закон ќе мора да се актуелизира и прашањето на пријавување и контрола на имотната состојба на сите пратеници и носители на јавни функции.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Никола Трајановска.

IV/7

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници,

Сметам дека навистина беше крајно време овој законски проект да се стави на дневен ред во Собранието.

Донесувањето на овој закон во една порелаксирана атмосфера,која не е зафатена со предизборна "треска", само ќе придонесе во неговиот квалитет.

Од моделите кои се нудат како можност за избор, мое лично гледаше, а воедно и ставот на ЛДП е дека пропорционалниот модел каде целата територија на Р. Македонија преставува една изборна единица, е модел кој е најевтин, најефикасен и најправичен.

Најевтин е затоа што се одвива само во еден круг и нема дополнителни избори за време на мандатниот период на Собранието.

Најправичен е затоа што важноста на секој глас е со иста тежина и избраниците имаат иста тежина на гласачкото тело зад себе т.е. зад секој избран кандидат стојат скоро под- еднаков број на гласачи, така да неможе да се случи еден пратеник во Собранието да влезе со 1500 гласови, а друг со 15.000 гласови.

Во земјите со развиена парламентарна демократија, се преферира примената на пропорционалниот модел токму од овие причини.

И една скоро најважна причина во услови во кои во моментов се наоѓа нашата држава и сите кревки демократии, можност од манипулации со изборите и изборните резултати заради намаленото влијание на предноста од неколку "наместени" гласови да одлучуваат кој ќе влезе во Собранието на Р. Македонија.

Сега ќе се обидам да го погледнам овој законски проект со една друга диоптрија - женска диоптрија.

Политиката на XXI век гради нова претстава за жената и мажот.

Женска политика - поим кој може да биде дефиниран во многу насоки - во моите сопствени политички мисли - жените беа, и се, јасни субјекти во политиката, дизеднери и творци на политиката, но исто така и објекти на политиката, во смисла дека политиката служи на животот на жените. Жените имаат потреба од двете:  социјална, економски, културно и приватно.

Историски, жените и мажите живеат сосема различен живот.

Тоа е вистината во скоро сите општества и цивилизации.

Политиката на XXI век гради нова претстава на жената и мажот и таа промовира идеја дека разликата помеѓу половите не створа нужно помисла за нееднаквост.

Споредено со мажите, жените имаат различно познавање за значајно различните нивоа околу организацијата во секојдневниот живот во многу лични сфери од животот. Тоа ја продлабочува важноста на човечкиот живот и може да добие радикално поважни вредности во општественото донесување на одлуки отколку што е тоа во моментов.

Традицијата е причина за состојбата која мажите ги прави "ВИДНИ". Тоа претставува вредност, предрасуда.

Ако ние сме опкружени самите со тие историски предрасуди, ние ќе ја направиме политиката без содржина на хуманост.

Генералната политика ја предизвикува женската политика да се врати на хуманите вредности. Тоа е најважен предизвик и

тоа би требало да биде предизвик за сите кои имаат влијание во политиката, без оглед на нивниот пол. Јас, меѓутоа, верувам дека таа содржина во поголем дел е дадена на жените. Не затоа што тие се подобри, но заради нивната различна историја и позиција. Јас мислам дека повеќе е пресуден фактот што мажите, многу повеќе од жените, се ограничени од традицијата на нивната сила и хиерархија.

Психолошки тоа е разбирливо како машка "вредност" и традиционално расте таа вредност. Се разбира ова не е проблем на сите жени, но тоа е дел од културните проблеми на жената.

Моите размислувања во оваа насока одат во стварање законски предуслови за поголема партиципација на жената во политиката и местата каде се донесуваат одлуки.

Во контекст на ова би сакала да изнесам неколку примери од земјите со поголема традиција во оваа насока и законските решенија кај нив кои ја третираат оваа сфера.

Пропорционалниот модел е користен во земјите со најразвиена парламентарна демократија. Овој модел најправилно ја отсликува волјата на гласачите.

Кои се предностите од пропорционалниот модел?

Обично гласачкото тело излегува да гласа 70-90% бидејќи може повеќе да избира и има повеќе можност за гласачите - повеќе партии и повеќе перспектива, вклучувајќи повеќе жени и помали партии да бидат избрани. (41% жени во Шведска, 39% во Финска, 36% во Норвешка, само 11% во СДЦ).

Пропорционалниот модел овозможува:

- повеќе различна репрезентација,

- почиста изборна кампања,

- ги редуцира ефектите од големите пари употребени во кампањата.

IV/10

Пропорционалниот модел е применет во: Германија, Шведска, Швајцарија, Белгија, Данска, Холандија, Грција, Шпанија, Австрија, Австралија, Мексико, Португалија, Јапонија, Русија,Италија, Ирска, Израел, Унгарија, Нов Зеланд, Бразил, Никарагва, Норвешка, Финска, Венецуела и многу други.

Мнозинскиот систем сеуште се користи во: Франција, Вели- ка Британија и некои британски колонии.

Пропорционалниот модел е за првпат применет во САД во 1920 година.' Пропорционалниот модел има повеќе различни варијанти бидејќи е флексибилен систем и може да се адаптира на состојбата во државата.

Женскиот прогрес во парламентите е променлив: Бројот на женските преставнички во Источна и Западна Азија се влошува, во Источна Европа нагло се намалува после 1987 година, но повторно расте во некои земји на последните избори. Тој расте полека во Африка и Латинска Америка и нешто повеќе во развиените земји. Женска најјака парламентарна преставеност има во Северна Европа, посебно во Нордиските земји и е во постојан пораст.

Ако жените се застапени во доволен број во арената за донесување на одлуки (да образуваат "критична маса" проценета на 30-35% во телата кои донесуваат одлуки) тие ќе имаат видливо влијание на стилот и содржината на политичките одлуки.

Во некои земји вклучувајќи ги Австрија, Аргентина, Колумбија, Германија, нордиските земји и Полска - жените се бирани различно од мажите и во ограничени избори детерминирани со посебни листи и со посебни квоти (проценти). Во Норвешка во еден круг на изборите на посебни листи се гласа за женски кандидатки, растејќи процентуално учеството на жените до 50%.

Жените имаат јасно изразена предност- за политичките партии со женски кандидати и тие ги преставуваат женските интереси. специјално

репродуктивните права, социјалната заштита и учеството во одлучувањето.

Свеж пример во нашата практика се кандидатките листи на Либерално-демократската партија на последните локални избори каде што процентуалната застапеност на жените на позиции на листите кои гарантираа избор во советите беше најголем, а аналогно на тоа и резултатите во составот на советите на локалната самоуправа. Со ова јасно беше потврдена волјата на гласачкото тело за партиципација на жените во органите на одлучување. Ист пример ќе бидат и листите за парламентарните избори кои ќе следат, со што се потврдува генералната политика на ЛДП во оваа насока. Сметам дека е потребно и останатите политички партии во РМ да го следат овој правец и дадат свој придонес за зголемување на бројот на женските претставнички во Парламентот.

Обврска на Владата е оваа генерална политика да ја оживотвори во Предлогот на закон за избор на пратеници во Собранието на РМ со механизми кои ќе го овозможат ова.

V/1.- ПЈ/0М

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јави Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господине министре, почитувани колеги, на денешната седница на Републичково Собрание на дневен ред го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Предложениот законски текст во основа нуди решенија, кои се вградени во законот за изборниот закон за локалната самоуправа, кој секако, знаете го положи тестот на времето за време на локалните избори 1996 година. Меѓутоа, овој Предлог е значаен, а тоа бара сериозно размислување и анализи по тоа што ја поставува дилемата на изборниот систем односно изборниот модел. Од расправата и од оваа говорница, меѓутоа и од расправите кои ги имаше републикава и преку средствата за јавни медиуми, може да се стекне впечаток дека се оди во две крајности. Едните, кои го пренагласуваат прашањето на изборниот систем и за него ја врзуваат судбината на демократијата и други, кои изборниот систем го маргинализираат и го сведуваат на чисто политичко односно техничко прашање."И двете размислувања се неодржливи, затоа што, пример првите размислувања ги запоставуваат останатите фактори кои го детерминираат политичкиот систем и обратно, вторите, заборават дека изборните системи во секој случај влијаат врз однесувањето на избирачите и врз резултатите од изборите, што одлучуваат при распределбата на власта и политичката стабилност во државата.

V/2.-

Во политичката и во правната теорија , но и во самата пракса во изминатите децении, а во последно време и кај нас водени се про и контра дискусии за едниот и за другиот изборен модел, што резултираше со неколку систематски размислувања, кои треба да се имаат предвид и во сегашната, но и во наредната фаза на донесување на законот

Пред да преминам на една таква анализа на таквите размислувања, да кажам дека се определувам за првиот изборен модел од член 2 од Законот за избор на пратеници односно комбинираниот модел. Кои се тие размислувања и дали предложениот законски текст кореспондира со таквите размислувања.

Прво, еден од претходните дискутанти тоа го кажа уште на самиот почеток, не псотои идеален изборен систем. Изборните ситеми зависат од различни фактори, субјективни и објективни, при што субјективниот момент треба да иде секундарен, а предимство треба да му се даде на објективните моменти. Имено, во досегашната расправа од оваа говорница кај сите дискутанти беше преферирани пропорционалниот изборен модел, што на некој начин не кореспондира со констатацијата дека не постои идеален изборен модел, па според тоа не можеме да речеме дека е идеален ниту мнозинскиот, ниту пропорционалниот модел, па според тоа и мојата определба за еден комбиниран модел каде што и позитивните страни на мнозинскиот и позитивните страни на пропорционалниот модел,. би дошле на површината односно до израз.

Второ, за квалитетот на изборните системи битни се неколку функционални предуслови кои треба кумулативно да бидат задоволени односно исполнети. Кои се тие предуслови односно критериуми?

V/3.-

Прво, репрезентација. Квалитетот на изборниот модел се цени и по овој критериум, по критериумот на репрезентација, што подразбира претставување на сите релевантни општествени групи во самиот Парламент. Имено, овој критериум е пренагласен или посебно доаѓа до израз кај пропорционалниот модел, што досега не беше пракса во досегашниот изборен модел и кај овие два избори и за парламентот кои ги имавме во 1990 и 1994 -тата година, меѓутоа, бидејќи рековме на почетокот дека не постои идеален изборен систем, со комбинација на едниот и на другиот модел можат и позитивните и негативните страни и на едниот и на другиот систем да се избегнат. Овде тој критериум, критериумот на репрезентација со бројката од 40 пратеници избрани според пропорционалниот модел и се прави. Параметар на адекватната репрезентација е степенот на пропорционалност помеѓу гласовите и мандатите кои одреден политички систем ги има. преголемото отстапување од пропорционалноста е проблематично и тоа го имаше во чисто мнозинскиот модел, така што таа негативност на мнозинскиот модел се избегнува со корективот воведување и на пропорционален модел со 40 пратеници од вкупно 120 колку што се предлага со Законот да дојдат во републичкото Собрание.

Вториот критериум е концентрација и ефикасност на политичкиот ситем односно на парламентот во потесна смисла на зборот, што подразбира агрегација на општествените интереси. Изборите се сваќаат како акт на изградба на политичката волја. Моделот 80 плус 40 пратеници, 80 според мнозинскиот и 40 според пропорционалниот овозможува исполнување и на овој вредносен критериум. Имено, се овозможува создавање на стабилни партиски или коалициони мнозинства во парламентот и стабилна Влада. Тоа го имаме кај мнозинскиот модел, меѓутоа кај чисто пропорционалниот модел, тоа го немаме. Обично кај

пропорционалниот модел,изборен модел имаме далеку по нестабилен систем политички и далеку по нестабилен парламент односно по нестабилна Влада, а мислам дека определбата за комбиниран модел, мнозински плус пропорционален и овој елемент кој треба да го исполнува изборниот систем односно изборниот модел, се обезбедува. Ефикасноста, во прв ред, се определува според тоа дали еден изборен систем ја поттикнува стабилноста на политичкиот систем или не.

Дуализмот по прашањето на ефикасноста на политичкиот систем, во потесна смисла и на парламентот и на Владата, а во врска со изборниот принцип, мнозински или пропорционален, се нивелира со прифаќањето на првиот изборен модел од член 2 на Предлогот на законот.

Нареден критериум кој треба да го содржи изборниот модел или изборниот систем е критериумот на партиципација , што на некој начин дава можност бирачот да ја изрази до крај својата политичка волја. Негативни или во исто време позитивни страни кај овој критериум имаме и кај мнозинскиот и кај пропорционалниот, односно мнозинскиот ја има таа предност што се гласа за личност и на некој начин му дава можност на граѓанинот, на бирачот да се определува и за политичка партија односно да се определува и за одредена личност која ќе ги презентира неговите погледи, сваќања и интереси. Комбинацијата на мнозински плус пропорционален дава една идеална можност граѓанинот да се определува и за личност, меѓутоа и се определува за одредена листа односно за одредена политичка партија, која на некој начин му гарантира, дава можност, дава одредена сигурност за застапување на тие парцијални или поединечни интереси на самите граѓани. Определбата за чисто пропорционален или чисто мнозински изборен модел не ја дава до крај таа можност на партиципација на граѓаните.

Од друга страна нареден критериум кој треба секој изборен модел да го има е таа едноставност, која овде во дискусиите, беше пренагласена. Имено, изборниот модел, во секој случај, треба да биде и едноставен, а таа едноставност ќе зависи и од конкретните историски и моментални услови во развојот на одредена држава. Мислам дека моделот еден, комбинираниот модел мнозински плус пропорционален без проблем профункционира за време на локалните избори каде што фактички во пракса се проверија двата изборни модели. Вие знаете, пропорционалниот за членовите на совет, а мнозинскиот аз градоначалникот.

Исто така, мислам дека и наредниот критериум со првиот изборен модел со комбинираниот модел, а тоа е критериумот на легитимност во основа ќе биде исполнет. Вие знаете, овој критериум ги вклучува сите други критериуми, зашто се однесува на општо прифаќање на изборните резултати и на изборниот систем. Имено, Вие знаете, мнозинскиот модел е далеку по прифатлив за големите политички партии и тој создава некоја диполарност партиска во политичкиот систем, додека пак пропорционалниот изборен модел дава можност и помалите политички партии, помалите групации етнички и по друг критериум таа поделеност на државата да дојдат до израз, меѓутоа мислам дека овој комбиниран изборен модел на некој начин ќе ги задоволи интересите и критериумите и на големите политички партии, меѓутоа и на помалите политички партии, кои партиципираат во политичкиот живот во Републиката.

исто така, мислам дека и политичката опозиција, која не седи овде во овие клупи во Парламентот на некој начин во јавната расправа, која беше во тек во изминатите денови, го прифаќа овој изборен модел, така што на некој начин се стекнува и на тој начин тој легитимитет и легитимност на овој изборен модел. Тоа беа тие критериуми

за кои реков мора кумулативно да бидат прифатени и вградени во изборниот закон, затоа мислам дека овој комбиниран модел, моделот број еден од член 2 на изборниот закон во целост да ги задоволи интересите и на политичките партии, меѓутоа и на самите граѓани.

Понатаму, изборните системи не можат едновремено и потполно да ги задоволат различните функционални барања. Ниеден изборен систем не го дава вистински оптималното во сите замисливи аспекти односно критериуми.

Понатаму, изборните системи во голема мера треба да зависат и тоа е ,да кажам предмет на анализа и науката, меѓутоа, и на нас самите овде кои седиме во овие клупи . Тој изборен систем односно изборен модел треба да соодвејствува на конкретните услови. Или она што Монтеске го рекол Законот треба да го содржи духот на народот односно да ги содржи комплетните услови, бидејќи еден закон, еден изборен модел во конкретниов случај не ги дава истите резултати во секоја поодделна држава или во конкретен политички модел. Така што, можеби и определбата за еден или друг изборен модел не треба да биде да тргнува од чисто субјективните, партиските интереси, туку во основа треба да биде и предмет на анализа на вкупните состојби во државата.

Понатаму, мислам дека еден критериум , кој треба да го имаме предвид при определбата за еден или друг модел е прашањето на еву-лутивност односно прашањето или избегнувањето во политичката пракса на брзо преоѓање од еден кон друг изборен модел, од една крајност кон друга крајност. На пример од моделот кој досега го имавме, а тоа е мнозинскиот модел, сега кон друга крајност пропорционалниот модел.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:** (продолжение)

Би било добро и во законската регулатива да ја имаме таа еволутивност односно избегнувањето на одредени ломови кои можат да се јават при преоѓањето од еден кон друг изборен модел. Изборниот модел број 1 односно тој комбиниран модел ја дава и таа можност низ еден еволутивен пат да го изнајдеме правиот модел кој ќе ги даде вистинските резултати во политичкиот живот во Република Македонија, а наредните собранија или наредните состави на Републичкото собрание нека низ политичката пракса и низ теоретска анализа го изградуваат понатаму вистинскиот изборен модел кој му е потребен на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Мојата дискусија ќе ја фокусирам врз две прашања, прво, за изборниот модел а второто прашање ќе биде поврзано со органите кои се одговорни за спроведување на изборите.

Предлогот за донесување на законот за избори на пратеници во Собранието на Република Македонија претставува извонредно сложен закон со кој се уредува дел од изборниот систем за народни пратеници во законодавниот дом. Обврска на сите нас пратеници е да се потрудиме за едно реално решение што е во интерес на сите политички партии исто така и на граѓаните на Република Македонија. Со овој закон се регулира прашањето со кое се детерминираат одредбите за утврдување на начинот и условите за избор на пратеници.

VI/2.-

Според предлагачот законот е концептиран врз два модели со алтернативно решение.

Првата варијанта од вкупно 120 пратеници, 80 се избираат според мнозинскиот систем, а 40 се избираат според пропорционалниот модел. Ние како пратеничка група сме за втората варијанта односно за вториот модел сите пратеници во Парламентот да се избираат според пропорционалниот принцип со една изборна единица, бидејќи сметаме дека според овој модел сите политички партии во подеднакви услови ќе ги користат своите права во изборниот процес и секој глас ќе биде застапен во парламентот преку својот претставник. Исто така и сите досегашни квалификации со обвинување дека партиите застапени во Парламентот немаат целосен мандат од граѓаните да одлучуваат со образложение дека голем број гласови со мнозинскиот систем се обес-правени и како такви немаат свои претставници преку кои би ги изра-зиле нивните незадоволства во Парламентот за сите проблеми кои ги тангираат нивните интереси. Со оглед на тоа дека фактички мнозин-скиот систем во суштина како таков ги содржи овие недостатоци и аномалии за да се надминат сите овие постојни дилеми и реакции во врска со функционирање на законодавниот дом и дел од оправдани на-пади од страна на граѓаните за неефикасно работење на Парламентот како неопходен услов се наметнува потребата наредните избори во зем-јата да се изведат според пропорционалниот модел за кој модел мно-инскиот дел од граѓаните сметаат дека е пофункционален и попракти-чен за нашите сегашни економски прилики.

Како прво да напоменам дека изборите завршуваат во првиот круг и така финансиските трошоци се многу помали во споредба со мнозинскиот систем комбиниран со пропорционалниот.

Второ, секоја политичка партија ќе биде застапена со пропроционалниот систем во Парламентот според добиените гласови што значи интересот на избирачите ќе биде многу пореално изразен во Парламентот.

VI/3.-

Трето, ќе се надминат сите постоечки дилеми и тенденции за да се фаворизираат партиите на власта во претстојните парламентарни избори.

Четврто, чист пропорционален модел во овие услови во кои се наоѓа нашата земја и нашето стопанство и другите политички проблеми е многу поадекватно решение и покорисно за сите нас токму од тоа што одговорноста ќе ја преземат сите политички партии застапени во Парламентот преку своите претставници.

Поаѓајќи од горенаведените причини пропорционалниот модел за Република Македонија е пофункционален во сите погледи во овие економски и политички околности. Бидејќи пропорционалниот модел за нашата земја како мала земја со избирачко тело од милион и 400 илјади гласачи мислам дека во овие услови и проблеми со кои се соочува земјата многу е поефикасен и ќе биде поквалитетен.

Во глава II се наведени сите органи за спроведување на изборите . Во наредниот период оваа глава мора да претрпи одредени корекции почнувајќи до државната изборна комисија до избирачките одбори како надлежни тела кои се одговорни за спроведување на изборите, како во избирачките места така и во изборните единици независно од тоа кој изборен модел ќе биде прифатен, бидејќи според членот 11 од овој закон предлагачот предложил 5 политички партии да имаат право да предлагаат свои членови и нивни заменици на комисиите кои на последните избори за пратеници освоиле најголем број гласови. Со овој член се скратува рамноправното учество на некои партии кои на последните локални избори освоиле голем број гласови како што е примерот со Демократската партија на Албанците. Јас предлагам сите политички партии застапени во Парламентот со свои пратенички групи и ВМРО-ДПМНЕ како најголема опозициона партија без свои претставници во Парламентот да имаат право да предлагаат свои членови во сите овие комисии за спроведување на изборите, што значи шест политички

партии вклучувајќи ја тука и ДПА со право да пред- лага свои луѓе во овие изборни комиси, бидејќи на последните локални избори ПДПА заедно со НДП сега ДПА како опозициона партија освои голем број гласови и како резултат на ова заслужува да има свои претставници во сите тела почнувајќи од државната изборна републичка комисија, па се до избирачки одбори. Имајќи го предвид фактот дека во некои изборни единици со чисто албанско население изборните ко- мисии и избирачките одбори според предложениот текст на законот ќе бидат еднопартиски, а тоа се случи со Законот за локалните избори и затоа локалните избори во 1996 година на многу места и во многу општини со албанско население не беа фер и демократски. Поаѓајќи од овие нерегуларности што се случија на локалните избори што беше како резултат на дефектите што ги содржеше овој закон токму од овие причини Министерството за правда не треба да ја повтори истата грешка и со овој закон. Затоа неминовно се наметнува како потреба и ДПА да биде вклучена како шеста партија со право да предлага свои членови и заменици во сите органи за спроведување на изборите. Сето ова е во интерес на граѓаните на Република Македонија, бидејќи само во вакви услови ќе се заштитат интересите на сите избирачи во изборната постапка за фер и демократски избори за сите политички партии е потребно да се обезбеди законска регулатива со која ќе се гарантира рамноправен третман и рамноправно учество во изборната игра.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Сметам дека изборите се важен сегмент на демократските процеси, тие се важен сегмент на политичкиот систем и затоа сме

тука да посветиме посебно внимание. Ако во некоја држава имаме недемократски избори, имаме несоодветна правна регулатива во однос на изборите или пак имаме несоодветен модел на изборите нема шанси да имаме здрави економски односи, здрави политички односи и здрави општествени односи. Дури нема шанси да имаме нормален функционализам во однос на вашите државни институции.

Еден светски експерт по меѓународно право кажа дека ако сакате да дознаете за нивото на политичките определби и демократските определби на една држава не е потребно да ги читате сите закони, устави, туку едноставно прочитајте го само Законот за изборите. Затоа сме тука на оваа материја да и посветиме посебно внимание и посебно посветување оти ќе беше штета во однос на оваа сфера работите да се гледаат теснопартиски односно да доаѓаат во предвид пред пошироки интереси и теснопартиски интереси.

По мене ова прашање бара реален и сериозен пристап и сеопфатна анализа и затоа мислам кон ова прашање треба многу посериозно да се разговара.

Првенствено треба да се поаѓа кон определбите на Уставот на Република Македонија кој предвидува посредни, тајни, фер и демократски избори.

Второ, мора да ги имаме предвид интересите на граѓаните за еден нормален политички живот во земјата.

Повторувам дека кардинална грешка ќе беше ако кон ова прашање гледаме теснопартиски од причина што автоматски тој резултат ќе се рефлектира како бумеранг во севкупните односи на државата и општеството.

Сега неколку збора по однос на моделите кои се предлагаат во предлогот за донесување на законот.

Лично немам ништо против да се поддржи таканаречениот комбиниран модел. Условно тој модел да е искомбиниран 50% од вкупниот број на пратеници да се избираат според мнозинскиот прицип и 50% од вкупниот број пратеници да се избираат според пропорционалниот модел. Меѓутоа, повторувам кон ова прашање се гледа пошироко и поаналитично и посоодветно на нашите реални економско- политички и други структури кои ги имаме сметам дека ќе беше поадекватно да се подржи чисто пропорционалниот модел.

Кои се нашите аргументи за да се поддржи овој модел односно чисто пропорционалниот модел со една изборна единица. Аргументите се следни:

Прво, со овој модел најреално се осликува расположението на грганите значи се материјализира секој глас даден од страна на гласачите освен тој процент кој е под минималниот праг што сепак пропорционално се поделува помеѓу политичките партии кои ги исполнуваат условите над овој праг. Сега имаме такви состојби што и тука имаме пратеници кои дури со 13% од вкупниот број на гласачи односно избирачи и тие ја претставуваат таа изборна единица и тука се поставува едно мошне логично прашање што е со расположението на тие 87% избирачи или гласачи кои не се определија за овој кандидат кој ги претставува во Парламентот на Република Македонија. Значи, што е со нивното расположение во рамките на таа изборна единица. Сметам дека тоа не само што не е исправно не е ни морално, но не е ни демократски.

Второ, со овој модел точно и прецизно се лоцира одговорноста на партиите кои ги добиле гласовите за севкупните економско - политички општествено - културни состојби во државата. Значи гласачите се определуваат за партија и програми, а не се определуваат за некои

лични и персонални ветувања на одделни кандидати во рамките на една изборна единица како мнозински модел.

Трето, овој модел е многу економичен односно многу евтин. Со овој модел нема втор круг што значи ќе ги поштедиме луѓето, времето и маките, нема дополнителни избори, значи ако се извршат одделни комбинации и префрлувања од функција или од други причини не се потребни дополнителни избори, туку од листата на таа партија се одредува друг пратеник или друга личност.

Четврто, овој модел импонира демократска соработка, импонира компромис, импонира дијалог помеѓу политичките партии што во нашиот демократски емилиум е многу корисен од причина што ние мора да признаеме дека сме во почетна фаза на таквата нормална политичка комуникација по изборите нормално за да се формира Владата такви коалиции, такви дијалози ќе беа неопходни и за да се одржува Владата тој дијалог перманентно ќе беше присутен од страна на политичките партии.

Петто, со овој модел се овозможува и на помалите политички партии кои според мнозинскиот принцип не можат да дојдат ниту на едно пратеничко место значи важно е да се слушнат и нивните визии програми, определби и тука нема ништо лошо, туку може само да има добро.

Шесто, со пропорционалниот модел ќе се поштедат граѓаните од дополнителни меѓуетнички тензии од причина што во меѓунационалните мешани средини имаме често такви состојби што се кандидираат повеќе лица од различна национална припадност и за жал на нашата балканска средина таа предизборна кампања се води и врз национална база и тоа предизвикува дополнителни меѓунационални тензии што значи со пропорционалниот модел нема да имавме таква состојба, туку на мирен

начин граѓаните ќе се определат за одделна политичка партија и ништо повеќе.

Седмо, со овој модел веќе кажав се ефектуира секој даден глас. Тука доаѓа предвид и партискиот аспект и етничкиот аспект. На пример, ако една политичка опција во една средина никако не може да пројде од причина што мнозинство и на неколку наврати добива друга политичка опција значи гласачите од таа мала политичка опција се осеќаат дека не е важен нивниот глас, а ова има и етничка димензија. Да претпоставиме на пример во една општина каде националностите односно Албанците се два проценти, Македонците се 2 или 3% практично според мнозинскиот принцип тие граѓани не се заинтересирани дури да гласат од причина што ништо не менува нивниот глас, а со пропорционалниот тие се свесни дека сепак учествуваат во процедурата на гласањето и дека нивниот глас има одредена тежина.

VII/1

јм/вс

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас не би се сложил со констатацијата дека со чисто пропорционалниот не може да се формира стабилна Влада. Напротив со една нормална демократска комуникација се докажа во светот дека дури и некои држави кои со декади го имаат пропорционалниот изборен систем многу стабилно функционираат и обратно. Има земји кои го имаат мнозинскиот принцип, па имаат нестабилни влади. Според мене, е многу важно, не е грижливо тоа дали ќе имаме стабилна, или нестабилна влада. За нас е многу поважно прашањето дали ќе имаме стабилни, или нестабилни институции на власта, дали ќе имаме демократски, или не демократски институции на власта. Дали ќе имаме стабилна или не стабилна Влада, тоа е чисто според мене прашање на процедурата и ништо повеќе. Исто така, критиките кои можат да се направат на овој модел, на пропорционалниот модел дека граѓаните немаат можност да се определуваат за личност, исто така сметам дека нема место од причина што ние сме сега во фаза кога гласачите не би требало да се определуваат дали некој ќе направи еден мост, или пак итн. од причина што сметам дека овие прашања треба да се стандардизираат и локалната самоуправа треба да се занимава со овие прашања. И не би требало да се изгради еден пат затоа ш амата за одреден стандард како потреба. И затоа сметам дека пропорционалниот систем ќе беше многу покорисен за демократското миле такво како што е во Република Македонија.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Дозволете ми најпрво да го искажам моето задоволство што еве во релативно краток период по донесување на законот за избирачките места Владата на Република Македонија му го достави на ова Собрание на разгледување и усвојување и Предлогот за донесување на законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Тоа јасно покажува дека Владата на Република Македонија има цврста намера во

еден можен релативно кус период да ја подготви и да му ја достави на Собранието на разгледување и усвојување сете неопходна изборна законска регулатива. Тоа исто така покажува дека се неосновани барањата Собранието на Република Македонија да донесе некаков си план со цврсто определени и фиксирани рокови и датуми за изготвување и донесување на изборните закони и другите изборни регулативи.

Господине потпретседателе, дами и господа пртеници, во врска со доставениот Предлог од Владата за донесување на законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија најнапред сакам да ја искажам мојата согласност со даденото образложение од Владата за причините и потребата од донесувањето на овој закон. Потребата од донесувањето на законот за избор на пратеници е неоспорна. Сметам дека во земјата постои општа согласност дека е потребно да се донесе нов закон за избор на пратеници. Таа потреба во сите јавни настапи ја истакнуваат сите политички субјекти во Република Македонија. Меѓутоа, имам впечаток дека постои извесна неусогласеност околу причините поради кој овој закон треба да се донесе во овој момент, односно во овој временски период. Додека Владата донесувањето на овој закон го поврзува со следните причини кои сега ќе ги набројам .

Прво, смета застарувањето на постојниот закон и уставната обврска за донесување на нов закон за избор на пратеници кои произлегоа од новиот Устав.

Второ, новите уставни решенија за организацијата на државата, на државната власт и неминовноста за операционализација на уставните определби за утврдување на начинот и условите за избор на пратеници.

Трето, создадените предуслови за негово доенсување со донесувањето на законот за избирачкиот список и избирачките легитимации и законот за избирачките места.

Четврто, со потребата да се створат неопходните предуслови за изготвување и донесување на законот за изборните единци и другите закони и подзаконски акти неопходни за успешно изведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија.

VII/3

Почитувани пратеници, опозицијата донесувањето на овој закон имам впечаток многу силно го поврзува со потребата од вонредни парламентарни избори кои според нејзино мислење треба да се одржат час поскоро. Таквото поврзување сметам дека не е во ред, бидејќи нам не ни се потребни изборни закони само за наредните избори независно дали тие ќе бидат редовни или вонредни, туку потребни ни се закони кои ќе имаат подолготраен карактер. Покрај согласноста за причината и потребата од донесувањето на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ја искажувам и мојата согласност со основните начела врз кои се засновува законот. Таа согласност ја засновувам на моето уверување дека така формулираните основни начела обезбедуваат правични и фер избори што е желба на сите политички субјекти во земјата.

Што се однесува до содржината на законот можам да кажам дека сум согласен со основните решенија дадени во законот, иако имам некои забелешки на одделни членови кои ќе ги изнесам на крајот на моето излагање.

Сега би сакал да се изјаснам во врска со дадените изборни модели во Предлогот за донесување на законот за избор на претенции во Собранието на Република Македонија. Во поглед на донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија од Владата понудени се два изборни модела со соодветни алтернативни решенија. Од содржината на законот може да се види дека и двата модела односно детално се разработени и наполно еднакво претставени. Тоа значи дека Владата во овој момент не фаворизира било кој од наведените модели. Таа и остава на пратениците односно на ова Собрание самите тие според нивното убедување да му дадат предност и да се одлучат за еден или за друг изборен модел. Тргнувајќи од тој факт слободен сум да изјавам дека го прифаќам понудениот во Предлогот за донесување на закон за избор на пратеници изборниот модел означен под број еден, односно комбинираниот модел според кој 80 пратеници се избираат според мнозинскиот принцип, а 40 според пропорционалниот. Според мене изборниот модел бр. 1 е најсоодветен за приликите на Република Македонија во кои таа сегаа се наоѓа. Тоа мое мислење и мој став го поткрепувам со следните мои сознанија.

Имено праксата покажа дека досега применуваат мнозински систем во изборите ги фаворизира условно кажано поголемите политички партии и поголемите предизборни коалиции. Со тоа се оневозможува во Собранието да дојдат и претставници од помали партии чии ставови во одделни случаи можат да бидат многу корисни при решавањето на некои специфични проблеми. Праксата покажа исто така во пост изборниот период дека може и до распаѓање на поголемите политички партии па и сојузи и создавање на нови партии и нови коалиции и сојузи. Тоа придонесува одредени пратеници да бидат избрани врз основа на една изборна програма, а по распаѓањето на коалицијата или партијата тие да делуваат од сосема често и спротивни позиции и програми. Од сето до сега наведено може да се извлече заклучок дека чистиот мнозински систем не одговара на сегашниот степен на нашиот развој. Меѓутоа, веднаш се поставува прашањето дали во сегашните наши услови повеќе ќе одговара чисто пропорционален изборен систем, или модел. Праксата од примената на овој модел и во другите земји и кај нас, а и при изборите на советници во советите на локалната самоуправа покажа дека тој е дури неприфатлив чисто мнозинскиот модел. Имено, праксата покажа дека примената на пропорционалниот модел создава и такви услови да советите на голем број општини не можат да профункционираат и по една година од изборите за локалната самоуправа. Имајќи го сето тоа во предвид сметам дека за условите во Република Македонија и степенот на нашиот развој во кој се наоѓа не одговара на пропорционалниот изборен модел и не треба како таков да се прифати. Поради сето наведено, сметам дека Собранието на Република Македонија треба да го прифати комбинираниот модел, модел изнесен во Предлог на Владата за донесување на законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Тој мој став почитувани пратеници го поткрепувам уште и со следните факти.

Прво, комбинираниот модел со избор на пратеници според мнозинскиот систем ќе им обезбеди можност на гласачите да се определат за личностите, а не за партиите што ќе ги претставуваат и застапуваат нивните интереси. Со изборот пак на 40 пратеници според пропорционалниот систем ќе се овозможи во Парламентот да имамат

свои претставници и помалите партии од една страна и од друга да дојде до израз посилното влијание на одредени политички партии од одредени региони, бидејќи тие помали политички партии опфаќаат и помали региони.

Второ, комбинираниот модел ќе обезбеди услови за формирање на постабилна извршна власт отколку чисто пропорционалниот систем, односно модел. Сето ова ќе обезбеди стабилна извршна власт. Сметам дека е неопходно за Република Македонија и според тоа и според условите во кои таа се наоѓа. Тоа за поткрепа го наведувам и како пример само Италијанската влада која на пример за постоење како Република, како Италијанска Република на пример за 50 години има променето 52 Влади. Тоа само како еден пример го наведувам.

Трето, иако ја уважувам потребата од голема шареноликост на пратеничкиот состав во Собранието според партиската припадност сметам со оглед на големата сличност и програмските определби по фундаменталните прашања на одделни партии со примената на чисто пропорционалниот модел таа шареноликост нема потполно да се оствари.

Четврто, имам впечаток дека поголем дел од политичките партии кои предлагаат чисто пропорционален систем сакаат да си создадат поволни услови за промоција за нивните партиски лидери до Парламентот бидејќи најверојатно истите ќе бидат и носители на партиските листи.

Господине потпретседателе, почитуван минситре, дами и господа пратеници,

На почетокот од моето излагање кога зборував за содржината на Предлогот за донесување на законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија реков дека сум согласен и ги прифаќам основните решенија дадени во предлогот, но и дека имам одредени забелешки во врска со некои решенија и ќе бидам слободен тие забелешки да ги изнесам пред Собраниево и да му сугерирам на предлагачот истите да ги вгради во текстот на законот при дефинитивно изготување на Предлог законот.

Еве некои од тие забелешки предлози.

Прво, во член 37 на крајот треба да се додаде нов став кој треба да гласи: "при водењето на изборната кампања со ниедна постапка не

смее да се повреди достоинството на било кој кандидат за пратеник и се наруши интегритетот и дигнитетот на неговото семејство.

Второ, во член 38 во вториот став наместо точка да се стави запирка а потоа да се додадат зборовите: "ниту да бидат вклучени во штабовите за организирање и водење на изборна кампања.

Не ги објаснувам членовите, сметам дека пратениците знаат овие членови што значат.

Трето, во членот 45 на крајот треба да се додаде уште еден нов член кој треба да гласи: "Изборни плакати не смеат да се истакнуваат во и пред училишта, детски градински, воени и полициски објекти и верски заедници.

Четврто, во член 47 на крајот треба да се додадат два нови ствари кои треба да гласат: "редарите што ги ангажира за одржување на редот на предизборните јавни собири мора да бидат пријавени кај органите на внатрешни работи на територијата каде се одржуваат јавниот собир." Тие освен ознака на раката не смеат да носи било каква униформа, или друга посебна ознака.

Вториот нов став треба да гласи: "организаторите на јавните собири не смеат да ангажираат лица за одржување на редот од приватни организации овластени за заштита на таканаречени штети и лица кој постојат денеска во Републиката.

Петто, во член 55 на крајот наместо точка треба да се стави запирка и реченицата да продолжи со зборовите: "или од извори наведени во член 52 од овој закон.

Шесто, после член 66 да се додаде нов член 67, кој треба да гласи: "пред и во просториите каде се изведува гласањето освен државното знаме на Република Македонија забрането е истакнување на било какви други знамиња или симболи.

И на крајот дозволете ми уште еднаш да изјавам дека го поддржувам владиниот предлог за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и ќе гласам за него.

Воедно го молам предлагачот да ги земе во предвид забелешките на членовите што ги дадов во ова мое излагање и да ги вгради во текстот на Предлог законот.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Мислам дека е добро што денес главна тема на расправа е изборниот модел и најверојатно ќе биде таква определбата како што најголемиот дел од пратениците ќе бидат определени за овие модалитети кои што се дадени. Добро е што на Министерството односно на предлагачите им даваме можност со некои свои размислувања и тие малку да ги одмислат овие методи.

Инаку лично мислам и едниот и другиот модел имаат и предности и недостатоци. Јас го претпочитувам, за наши услови како што рекоа и некои мои колеги, пропорционалниот систем. Сум за тоа воглавном да биде чист изборен систем , бидејќи мислам дека комбинираниот изборен систем создава додатни проблеми во врска со вкупната изборна процедура, а и инаку мислам дека комбинираниот изборен систем во текот на процесот на остварувањето на пратениците создава и различни можности, во смисла на остварувањето на пратеничката функција. Но, сеедно. Сакам да го кажам следното:

Пропорционалниот изборен систем ја имаа онаа предност што многумина ја истакнуваат а тоа е дека валидитетот на секој глас останува важечки. Тоа е важен институт за мотивација на електоратот за избор. Меѓутоа, се разбира он има и еден. недостаток. Некои колеги не го сметаат толку важен, јас го уважувам и тоа дека се губи идентитетот на пратеникот односно на кандидатот за пратеник во изборната единица, се губи можноста како на конкретен субјект, на единка да му се обрати односно изборната единица го смета на пратеникот и тн. Но, во секој случај, бидејќи сме ставени во ситуација да размислуваме, јас би молел уште еднаш предлагачот да размисли околу

тоа дали помеѓу алтернативата и еден или друг изборен систем и алтернативата, комбиниран или чист изборен модел. Јас го делам мислењето дека , сепак, во секоја варијанта чистиот модел на изборен систем е почист.

Мислам дека не сме Република односно не сме заедница која треба да воведе сега некакви експерименти во двата модела, туку едноставно со еден модел може тоа да го реализира, па бидејќи кажав дека предлагам да се оди на чист систем и тоа да биде пропорционален, сакав исто така да си ги отстранам бојазностите за нестабилност на системот поради пропорционалниот изборен систем. Се знае дека големите партии ќе добијат најголем број гласови и они ќе го сочинуваат главниот дел на изборното тело. Тоа ќе се случи и со еден и со друг систем и незнам зошто е бојазноста.

Јас имам друга бојазност, заправо кога се работи за тоа каков е составот на пратениците при пропорционален изборен систем. Прашањето на цензусот ќе биде прашање кај нас за одделни партии, не затоа што имаме и мали партии, туку затоа што имаме мали партии кои што заради нивниот состав не би требало да бидат без пратеник, они нужно ќе бидат принудени да коалицираат со некого, бидејќи неможат поинаку да добијат пратеник. Не е лошо коалицирањето, но е лошо да бидеш принуден, по секоја цена во тоа да влезеш.

Еве јас ќе земам само еден пример, несакам да ми замерите.

На пример партијата на турците. Она не може да добие пратеник со цензус од 5% ако биде чист или комбиниран, сеедно, систем, на листата на пропорционален систем, од едноставна причина 50.000 избирачи односно 40 или 30 илјади не може да собере. Мислам дека Парламентот ќе биде наљкав ако нема ниеден турчин во својот состав или други националности како срби, роми, власи и тн. Значи до колку одиме на овој принцип тогаш и комбиниран да е, мислам дека цензусот

таму треба да се сибне и нема тоа да ги поремети односите во смисла тоа каков ќе биде составот на Собранието и каква ќе биде Владата, дали ќе биде стабилна и тн, иако мислам дека стабилна Влада е во стабилен систем и обратно, во нестабилен систем какви да бидат изборите односно изборните резултати не може да се очекува незнам што.

Еве со тоа да заклучам, јас би го молел предлагачот уште еднаш да размисли за тоа , да биде единствен изборен систем, не комбиниран и по можност да се определиме за пропорционалниот, бидејќи кажавме кој предности тој ги има.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, господине министре, дами и господа пратеници,

Толку убаво зборуваме денеска за овој предлог за донесување на закон за избор на пратеници, кога би биле толку правични и толку исправни како да, кога ќе дојдат изборите, за време на изборната кампања и за време на изборите ќе се однесуваме точно според законот што ќе го усвоиме , како да нема да ги набиваме избирачите, како да нема да ги малтретираме од едно до друго избирачко место коко да нема да им понудиме нешто, да ги малку излажеме давајќи им брашно, шеќер за да купуваме гласови и тн. Но, парламент е никој сигурно нема да каже тоа што фактички ќе се случки, меѓутоа секаде се случува тоа.

Тоа што зборуваме за големите партии, секогаш тие ќе останат големи заради тоа што составот на таа политичка партија овозможува такви финансиски средства за да може да спроведе се што треба, пак според законот. Сега овие кои се сиромашни тие и понатаму ќе останат сиромашни, нема од каде средства, однапред државата не дава пари , освен првите избори кога беа и така ќе тлее по малку.

Ги слушнавме овде дискусиите, имам искуство од контакти со луѓето од надвор, надвор од Македонија за изборните модели околу предностите на едниот другиот и третиот модел. Меѓутоа секаде недостига по нешто.

Иако на заедничкиот состанок со премиерот ПЦЕР даде свое мислење дека да се оди 50 со мнозински систем 50 со пропорционален, овде се предлага 80 мнозински и 40 пропорционален . Кога јас би се прашал, без партиското мислење , јас би бил за чисто пропорционален систем меѓутоа го поддржувам и овој што се предлага 40 пропорционален, 80 на мнозински систем, со тоа што ќе имаат предност и следните работи.

На пример овие последни избори што се одржаа во Тетово, таму знаеме дека доби колегата Џафери. Не дека немало и други квалитети како што беа г-ѓата Јагнула и претставникот на СДСМ. Меѓутоа такво е избирачкото тело.

Или, да кажам еден пример. Граѓанинот Х од Охрид, машински инженер, он нема избирачко тело таму, е како претставник на ПВЕР, а во пропорционалниот он веќе има некоја си основа. Меѓутоа пропорционалниот не да се подели на 10 или 12 изборни единици туку 40. Република Македонија е изборна единица, а не на 10 или 12 да се подели. Тоа ќе биде пак виша математика употребена и малку однапред ќе се знае кој ќе добие таму.

Мислам дека во Законот соодветни места треба да најдат следните работи, нема тоа да го цитирам по членови, еве тука е министерот, тука сме сите ние:

Во минатите избори се случија, на првите знаеме, се случи она што се случи, на вторите, Сојуз за Македонија.

Морам овде да кажам и пред целата македонска јавност дека најголем дел од избирачкото тело скоро од сите изборни единци го

почитуваа и го респектираа присуството на г-динот Глигоров во Сојузот за Македонија. Меѓутоа, овде се случи нешто што на сите нас ни е познато, се поделија партиите, па дури некои од една партија поминаа во друга партија. Тоа се случи и со помалите партии од една партија оди во друга партија. Ако граѓаните гласале за една одредена програма на одредена партија, и со таа програма односно со тоа ангажираше на таа партија граѓанинот добил мандат да биде овде во парламентот и после тоа се искаже како независен или се определува за друга партија. Што тоа значи. Дали е тоа демократија, дали е тоа исправно и дали таквиот пратеник е фер спрема граѓаните кои што го дале својот глас за него. Не е правично. Сметам дека таквото нешто треба да се нивелира со акт дека не може односно ако некој сака тоа да го направи треба да си поднесе оставка.

За време на изборите ние се среќаваме , во изборната кампања, со огромна манипулација за следните работи:

Ако велиме дека избирачкиот одбор односно граѓаните кои предлагаат кандидат требаа да бидат од таа изборна единица. Многу често се случува жител на тоа место фиктивно да се одјави од МВР и повторно пријава во МВР во таа изборна единица, а тој живее сосема на друго место. Мислам дека тоа во законот треба да најде свое место затоа што ако за тоа не се води сметка тогаш ќе има незадоволство. Не е тоа демократија.

Во име на мојата партија застапувам мислење за комбинираниот систем , 80 мнозински и 40 пропорционален, со тоа што целата Република да биде една изборна единица.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Денес пред пратениците и пред македонската јавност е предлогот за донесување на закон за избор на пратеници, кој во својата содржина ги обработува и дефинира органите за спроведување на изборите, начинот на предлагањето на кандидатите, изборната кампања, спроведување на изборите, одземање на мандатот на пратеникот, финансирање на изборите и се она што во идните парламентарни избори ќе обезбеди, пред се, поштени и фер избори. Сепак најголемо внимание и интерес кај граѓаните кај политичките субјекти предизвикаа основните одредби од законот во кој од страна на Владата се нудат два модели на избор на пратеници: комбиниран, со доминантно мнозинство на мнозинскиот систем од 80 пратеници и избор на 40 пратеници по пропорционален модел и чист пропорционален со една или повеќе изборни единци. И двата модела предложени пред нас ги имаме на овие наши простори, дејствуваат и живеат и од тоа нивно дејствување можеме да извлечеме аргументи за и против едниот и другиот модел, а во предлогот на Владата не се предлага чист мнозински систем по кој во овој Парламент беа избрани пратениците во 1990 и 1994 година. Комбинираниот модел дене живее во локалната самоуправа.

Преку мнозинскиот систем ги избравме градоначалниците, а преку пропорционалниот систем ги избравме советниците. Чистиот пропорционален е за советници а чист мнозински е за градоначалници. Сето она што го имаме ни дава можности да извлекуваме аргументи за и против, да ги согледуваме светските искуства на модели од мнозински или пропорционален модел и спрема мои спрема сознанија и искажувања министерот , искажувања на некои пратеници, некаде околу

60% од земјите во кои има демократија се со мнозинскиот систем, мнозински модел кој спрема мене ги содржи најдемократските определби на едно општество кое овозможува граѓанинот, гласач, инаку спрема сите определби стожер на едно демократско општество, да избира свои претставници во Парламентот преку непосредно давање на својот глас за одредени лица, со што најдемократски ја искажува својата волја и определба . Модел кој најнепосредно ја промовира основата на демократското општество , одговорност, одговорност на избраниот, пред се пред граѓанинот, бирачот .Модел кој дава голем легитимитет, избраниот да може слободно да ги изнесува, да ги застапува и да ги претставува потребите на граѓаните, а не само ставови и заклучоци на одделни партии. Преку овој модел се овозможува граѓанинот да избира и независни кандидати кои имаат значајна функција во развојот на парламентарната демократија. Модел кој овозможува создаваше на многу постабилна Влада и те како потребна во овој период на транзиција на РМ.

Бидејќи во предлогот на законот за пратеници, од страна на Владата, нема чист мнозински систем, како пратеник и како човек кој утре треба да гласа за законот, се определува за комбинираниот модел од проста причина што изнесените факти пред малку даваат можности, преку комбинираниот модел во кој ќе биде доминантен мнозинскиот систем сепак овие определби ќе бидат донекаде застапени.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Пропорционалниот модел за мене не е прифатлив за мене од неколку причини. Прво, краткото искуство од една година од работа на локалните совети избрани по пропорционален модел покажува дека на овие простори и на овој степен на развој на демократија, тие многу тешко функционираат. Многу совети со месеци неможат да се состанат со што се блокираат многу работи од надлежната самоуправа и те како битни за живеење на таа локална самоуправа. Од проста причина што одговорноста е изместена. Наместо да биде одговорноста пред бирачите, сега одговорноста е пред партиите, на чии листи биле избраните во советите и нормално не се застапуваат интересите на граѓаните, туку се застапуваат интересите на партиите. Пропорционален модел кој тешко дури и невозможно овозможува избор на независни кандидати, кандидати на партиски неопределени граѓани кои во Република Македонија мора да кажеме се во доста голем процент. Невозможно е некоја листа на независни кандидати, низ зела Македонија да може да добие гласови и да имаме независни кандидати како што ги имавме досега во Парламентот и за кој кажавме дека имаат битно влијание во развојот на парламентарната демократија.

Трето, можно ли е со чист пропорционален систем со една изборна единица, Парламентот да дојде во иста состојба во која се наоѓаат многу совети на локална самоуправа и прашање е колку ќе имаме стабилна влада, а имаме искуство од блиски соседни земји, колку во тие пропорционални системи владите се стабилни. Мора да кажам дека на Македонија во наредниот период и треба стабилна влада која ќе може успешно да ги изведе и забрза започнатите процеси на порастот на индустриското производство, ќе биде сигурен гарант за поголеми вложувања на квалитетни средства од надвор за развој на стопанството, земјоделието

и инфраструктурата. Можно ли е со овој пропорционален модел со една изборна единица кој во моментот е поефтин, тука нема дилема, подоцна да биде многу скап, ако сите овие процеси на развој на нашето општество застанат.

Четврто, во пропорционалниот систем има изместуваше на нештата. Гласање за една листа не значи дека првите на листа до одреден број кој ќе влезат во Парламентот сме ги гласале за наши претставници. Тука доаѓа повторно онаа друга работа граѓанинот да не е битен кој одлучува, туку може партијата да изврши поместување на кандидатите кој биле на граѓанската листа. Значи, одлуката не е на граѓанинот, одлуката е на партијата. Залагање за еден ваков модел чист пропорционален значи повторно сакаме да гласаме за партија, мораме да кажеме дека многу, многу време гласавме за партија. Ние градиме граѓанско општество, сакаме да гласаме за граѓани.

Петто, залагање за чист пропорционален модел со една изборна единица со образложение дека се дава можност во Парламентот да бида застапени и мали партии, мора да кажам дека по малку се изместуваат нашата ако направиме чиста математика. Ако земеме дека 90% од гласачите ќе излезат, што е идеална состојба на изборите, значи една мала партија, бидејќи во Законот има лимити од 5 до 7% усвоени гласови за да има свој претставник во парламентот една мала партија треба некаде да добие околу 70.000 гласа од 96% ако го земеме средно. Или ако го земаме она' што е реално за Македонија 65% излегува гласачкото тело на гласање и ако 65% земаме повторно процентето 6% кој е лимитаторен за влегување во Парламентот, ќе дојдеме во состојба, ако е една изборна единица малите партии треба некаде блиску 60.000 гласа за да влезат во Парламентот што мора сите да се согласиме дека ќе биде многу тешко, дури за нив не остварливо. Ќе имаат некои поголеми можности поголемите помали партии. А гласовите од оние што не влегуваат во

Парламентот се резервира за оние што ќе влезат. Значи тука треба добро да се аргументира, добро да се информира за да знаеме дали навистина се залагаме за влегување на малите партии во Парламентот.

Шесто, можно ли е со овој чист пропорционален систем со една изборна единица во Парламентот од еден наш град да бидат застапени над 50% пратеници. Дилема која многу лесно е остварлива. Знаејќи дека секоја партија на челните места на своите листи ќе ги стави своите перјаници, своите челници и дека тие се воглавном жители на еден наш град, не мора многу да правиме математика, помножете ги партиите со 5 од листата или поголемите со 10 ќе видите каков Парламент може да имаме во наредниот период. За чистиот пропорционален модел овие искажани мои дилеми лесно може да ги потврди. Меѓутоа, мора да кажам нешто. Нема дилеми дека со овој модел сигурно ќе ги промовира во идни пратеници лица на одделни политички партии, да не кажам челници, меѓутоа, од највисоките партиски раководства, лица кои во минатите избори во 1994 година не беа на први места ни во првиот круг, бидејќи граѓаните гласаа за нив,а знаејќи ги нивните способности и квалитети, не им го дадоа гласот сега, а сега со пропорционалниот систем многу лесно може да ги видиме како идни пратеници во овој Парламент. Мора да кажам дека овој пропорционален модел сигурно ќе обезбеди место во Парламентот на партии кои немаат докажани способни, афирмирани луѓе, туку ќе мора да одат преку листи на партии, а тоа се докажа и во локалните избори. Имаме партии кои преку мнозинскиот систем не обезбедија ниту еден градоначалник, а преку пропорционалниот обезбедија советници. Тоа е факт кој постои на цела територија на оваа наша држава.

Сметам дека ако навистина сакаме развој на демократски процеси, сепак треба да се залагаме за влегувањето во Парламентот да биде преку непосредна оценка на граѓаните за секој кандидат. Тоа го

овозможува мнозинскиот модел или она што е предложено од Владата комбинираниот модел во кој доминантен треба да биде 80% мнозинскиот модел. Исто така, доколку се залагаме и малите партии да влезат во Парламентот, тогаш 40-те избрани парламентарци, за кои се предлага да одат преку пропорционалниот систем, шансата, математиката покажува дека таква шанса имаат преку пропорционалниот систем, меѓутоа, со повеќе изборни единици, затоа што за некој ќе треба да се обезбедат 6.000 гласа, ако Македонија е поделена на повеќе изборни единици, а преку единствена листа ќе треба 60.000. Огромна разлика и можност сепак малите партии да не бидат застапени. Сметам дека и помалите партии доколку истакнат докажани, способни и афирмирани кандидати ќе обезбедат влегување во Парламентот, зашто најдобра потврда е изборот во двата изминати парламентарни избори, изборот на независните кандидати кои ги имаме во овој наш Парламент.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, на дневен ред е сериозен закон, еден од поважните во пакетот изборни закони, дотолку повеќе што предизвика огромен интерес не само меѓу политичките субјекти, туку и меѓу граѓанството во Република Македонија. Оттука, е сосема логично и Владата да пристапи сериозно кон изготвување на еден добар изборен закон,без да се повикува на исклучиво политички поени, зашто во некое наредно време може таков модел да се врати како бумеранг. Оттука, јас само ќе напоменам дека глобално земено во политиката се познати два изборни модела мнозинскиот и пропорционалниот, познати се огромен број варијации во рамките на едниот или другиот модел, меѓутоа познат е и комбинираниот модел, комбинација помеѓу мнозинскиот и пропорционалниот, се разбира, во различен пропорционален сооднос. Колкав ќе биде тој сооднос е работа на процена на економските,

политичките, етничките и други состојби во државата. Во моментот го напуштивме моделот, класичниот модел кој што го практикуваме во двата избора за Собрание на Република Македонија, од проста причина што голем број на политички субјекти имаа огромен број на забелешки на тој изборен модел. Без оглед што истиот во огромен број на земји се практикува и има свои добри страни. Беше назначено дека обезбедува стабилна влада што не мора секаде да биде  случај, некаде во почетокот на 80-тите години во Англија тој се карактеризира со класичен мнозински изборен модел имаше два избора во една година. Значи знае и тој модел некаде да затаи, како на пример и пропорционалниот модел некаде да биде да обезбедува стабилна влада да речеме во една Шведска, а да речеме во една Италија колегата напомна знае таа влада на секој шест месеци да се менува. Во секој случај тој модел кој што имаше свои предности, а јас морам отворено да речам за Демократската партија на Турците беше погубен, со оглед на тоа дека не е дисперзирано, речиси низ целиот простор на Република а и во ниедна средина нема поголема концентрација од тоа население и практично беше невозможно да се добие мандат во Собранието. Оттука, радува фактот што во двата понудени модела, во Предлогот за донесување на закон за избор на пратеници го нема класичниот мнозински модел, се нуди комбинираниот модел во сооднос 80 мнозински, 40 пропорционален и се нудат две варијанти од пропорционалниот модел, варијантата каде што имаме повеќе номинални единици, 10-15 и варијанта каде што цела Република е една изборна единица. Од тие причини ние ги разгледувавме во партијата двата модела, ги меревме предностите и недостатоците на двата модела и констатиравме дека е многу битно и двата модела за кој што овде малку обрнаа внимание се битни два елементи од тие модела. Едниот елемент е елементот на изборни единици и другиот елемент е изборниот праг. Ако прифатиме дека Република Македонија освен мулти – политичка дека е и мултиетничка

тогаш ќе видиме дека поедини етникуми кои се во помал број застапени во Република Македонија овој праг од 5% е извонредно висок. Една проста математика покажува дека доколку од 1.400.000 избирачко тело 70% излезат на гласање околу 1.000.000 гласачи тој изборен праг значи педесет илјади гласа. Јас овде отворено тврдам дека со некаде 80 илјади жители Турци тој цензус е недостижен од проста причина што немаме прецизни согледувања дали имаме и толку гласачи. Према тоа, кога ќе се изготвува еден ваков закон треба Владата сериозно да размислува и за овие моменти доколку не сакаме да направиме да launched речеме би партиски и би национален парламент. Имаме и други етнички групации, конкретно спомнав за турскиот етнос кој што сигурно ќе се борат кој изборен праг да биде понизок доколку станат присталици на пропорционалниот модел каде што Републиката ќе биде една изборна единица. Доколку се дискутира за моделот каде што ќе има повеќе изборни единици, каде што изборниот праг е уште поголем, околу 7% тогаш се поставуваат два прашања. Прво, прашањето на висината на изборниот праг и второ прашањето на изгледот односно конфигурацијата на изборните единици. Доколку сакаме идеален закон тоа би требало да биде по географски параметри. Меѓутоа, со тоа ќе се оневозможат шансите на одредени етникуми да имаат свој мандат во Собранието.

Мораме како Парламент сериозно да размислуваме за овие две категории. Категорија на изборни единици и категорија на изборниот праг. Дотолку повеќе што изборниот праг знае да биде и 1% кај одредени земји, а некаде може да се движи и над 10%. Во принцип изборните прагови се високи во земји со голем број избирачи. Во една земја каде што имаме милион и четиристотини илјади гласачи цензусот од 5% е извонредно висок. Што постигнуваме со тоа мене не ми е јасно. Дали вкупниот соодност во Собранието или стабилноста на Владата ќе се

намали доколку уште два или три етникума имаат овде претставник. Овие се сепак моменти за сериозно размислување и јас го уфрлувам како теза за во наредната верзија да се зема и тоа предвид. Одредени земји овие работи елегантно ги решаваат. Прво, или со снижување на изборниот праг или за одредени етнички групации со обезбедување на дополнителни места. Ние имаме таков случај во Словенија каде што одредени етникуми по моделот кој што е понуден невозможно е да имаат свој претставник за нив има определена дополнителна квота. И тоа повторно би се движело во рамките на Уставот, бидејќи Уставот вели дека Собранието брои од 120 до 140 пратеници. Оттука, без да продолжам со мојава дискусија апелирам до Владата овие мои предлози да ги има сериозно во предвид и мислам дека ќе биде во интерес на Република Македонија и другите етникуми да имаат претставници во ова Собрание. Се плашам дека во спротивно нема да биде она решение кое што е во моментот, а не е само сега и во иднина најпожелно за Македонија.

И уште две реченици. Некој можеби ќе префрли дека оваа можност се надминува со коалицирање. Прво, можни се одредени коалицирања со приближно слични или идентични програмски определби. Одредени коалицирања се невозможни, а некои коалицирања со помалите партии ќе одат по метод на уцена во кој што дефакто помалите партии во тоа коалицирање во тоа губат и не е својствено на еден пропорционален систем предизборни коалицирања. Обично се тоа коалицирања пост изборни при формирање на Владата која што обично е мултипартиска, а тоа е свој ставено и за мнозинскиот модел. А таков тип на коалицирање или откажување од изборната трка во вториот круг и те како покажа одредени негативни ефекти и турбуленции во политичкиот систем на земјата. Оттука, да резимирам ставот на Демократската партија на Турците е дека сме присталици на пропорционалниот изборен модел со

IX/8.-

снижување на цензусот или на изборниот праг на 2%, доколку се прифати моделот цела Република да биде една изборна единица, или доколку се прифати моделот пропорционален со 10 до 15% изборни единици тој праг да биде снижен на 4%. Доколку не постои можност, нема меѓупартиска согласност и нема амбиент во Собранието, јас тогаш се повикувам на определбата дополнителни пратенички места за поедини етнички групации што се застапени во помал број во Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Денеска навистина расправаме за еден многу битен закон што се наоѓа во прва фаза, но веројатно требаше многу претходно да дојде на дневен ред на расправа, не само поради тоа што се наближува рокот за новите избори, туку поради тоа што ваквите закони, што се суштински од аспект на воведување демократија во една држава и воопшто, во смисла на поставување на некакви основни демократски процеси во една држава, требаше и претходно да биде донесен за да има доволно време и во јавноста а и пошироко да се расправа на оваа тема, односно да се дојде до еден прав изборен модел што ќе биде одраз на сите политички сили и субјекти во државата, одраз на нивното расположение, одраз на нивното размислување.

До сега имавме два изборни системи, односно во ова искуство од седум години, колку што трае шест-седум години нашава нова би рекол држава или за овој период од шест до седум години ние се обидуваме да воспоставиме некакви демократски процеси во државава.'Практично имавме два модели во кои ги видовме и позитивните и негативните страни на тие два модели.

Првиот модел беше мнозинскиот принцип на избор на пратеници 1994 година и претходно исто така. Видовме дека со таквиот модел дојдовме во една ситуација во овој момент во Парламентот да имаме мајоризација на пратеници од една партија. Тоа значи дека било какво

место или начин за некаков демократски дијалог и на опозиција и на позиција во оваа ситуација тешко може да се каже дека постои.

Второ, што во оваа ситуација евидентно е дека Владата доминира над Парламентот, што значи дека реално нема шанси да биде обратна ситуација, Парламентот да биде тој што ја поставува Владата, односно Владата одговара пред Парламентот.

Сметам дека ова е еден голем минус од ваквиот модел и ова би требало да биде едно искуство. Веројатно и било, претпоставувам, кога предлагачот се одлучил на предлагање два модели, практично нови модели. Првиот е комбиниран систем што егзистираше на локалните избори и вториот систем е пропорционален кој е како нов модел предложен во овој прв текст на законот.

Морам да кажам на почетокот дека и претходно односно комбинираниот систем што егзистираше во локалните избори покажа и негативни и позитивни страни. Имено, видовме и денеска гледаме во многу општини каде се избрани и совети и градоначалници, практично не функционираат. Дел од поставените совети не можат ниту да се состанат, како што имавме во Град Скопје, а знаеме од кои причини, додека во мнозинството од општините имаме една тивка војна помеѓу градоначалниците кои се поставени и или претседателот на Советот или советите во тие општини.

Значи, факт е дека еден ваков комбиниран систем очигледно има и негативни страни што денеска ги чувствуваме во државава. Значи дека сега предлагаме нов пропорционален систем што не е сеуште испитан кај нас во нашава држава, во нашиов амбиент, но предлагачот го предлага и него како еден можен модел што може да биде актуелна, и би рекол, адекватен за нашава држава.

X/3.-

Морам да кажам дека како партија, Либерално-демократска партија, па и како пратеници, ние сме за пропорционалниот систем. Ќе кажам од кои причини сме. Би кажал кои се позитивните страни на овој пропорционален модел за избор на пратеници што практично дава предност над комбинираниот систем што е понуден како прв модел во овој текст.

Пропорционалниот систем овозможува, пред се, или на некој начин дава можност секој избран пратеник во овој Парламент да биде избран со скоро подеднаков број гласови, односно избирачи. Тоа дава гаранција дека избраните пратеници имаат, барем од аспект на избирачкото тело, поголем процент на авторитет или поголем процент на избирачи кои ќе гласаат на листите што ќе бидат предложени со тој пропорционален систем.

Имаме случаи како контрапримери во мнозинскиот систем, со мал процент на гласови многу пратеници беа избрани, значи со една мала доверба на избирачкото тело, поради сплетот на околностите беа избрани за пратеници.

Второ, со пропорционалниот систем не се гласа за личност. Значи, се надминува една ситуација кога во многу изборни единици се гласа за личност, за авторитети што се наметнати, се наметнуваат или навистина се. Се гласа за проекти на партии, проекти за суштински прашања би рекол што треба да се решаваат во државава.

Имено, со предложената листа со пропорционалниот систем се овозможува гласачите да гласаат за проект, односно да гласаат точно за програма што ја нуди една партија во случај да ја добие власта или во некаква коалиција, ако ја добие власта, што овозможува однапред таа партија и таа коалиција даземе одговорност од аспект на тие проекти што треба да: ги реализира до колку дојде на власт.

Трета работа е што пропорционалниот систем оневозможува одредени манипулации на одредени личности во одредени средини што, за жал, ги имаше во мнозинскиот принцип, во она што го имавме преходно, пак ќе кажам, поради авторитетот на една личност во една средина да се овозможуваат разно разни влијанија, притисоци до избирачите и на тој начин лично се добиваа гласови и покрај тоа што процентуално не ги заслужуваа. Значи со пропорционалниот систем тоа се оневозможува.

Четврто, пропорционалниот систем е економски неоправдан. Ми се чини тоа го спомна и министерот. Како трошок за државата е помал, апсолутно, затоа што не се гласа во неколку наврати. Се гласа еднаш. Така што оневозможува во оваа ситуација, во една лоша социјална ситуација, економска ситуација на државата да одиме на големи трошоци што, ете, со првиот модел се создаваат.

Петто, овозможува пристап во Парламентот и на помали партии и помали коалиции кои се здружуваат и на тој начин даваат една разноврсност на Парламентот од аспект на идеи, од аспект на проекти, на програми и индиректно влијаат при формирање на една таква влада, таа влада да биде формирана не од една, две или три партии, туку од повеќе партии, што на некој начин дава шанса одговорноста на таа влада формирана при пропорционалниот систем, да биде поголема, иако слушнавме во претходните дискусии дека наводно при мнозинскиот принцип или комбинираниот систем, како модел, се овозможува формирање на стабилна влада.

Сметам дека стабилноста исто така е битна, но одговорноста е уште поголема и како фактор на една влада што е извршна власт со овој пропорционален систем практично таа влада да ја добие одговорноста како фактор.

X/5.-

Шесто, сведоци сме дека ваквиот комбиниран систем се повеќе се напушта во светот. Иако беа дадени примери дека во повеќе земји егзистира, меѓутоа факт е дека и во оние земји што претходно го имале овој систем, веќе го напуштаат, и одат на пропорционален систем.

Тоа што комбинираниот систем, во случај да се изгласа, односно да се донесе од ова Собрание, како завршен текст на овој закон, пред се би наишол на еден голем проблем од аспект на разграничување на изборните единици.

Ние сега во нашава држава имаме 123 општини, парцијализирани, каде имаме диспропорција на жители, диспропорција и на економската и стопанската ситуација, да не кажам делби што се предмет на расправа и со Законот за територијална поделба. Сметам дека со изборот на првиот модел, на комбинираниот модел, ќе се создадат огромни тешкотии за дефинирање на тие изборни единици. Тоа навистина ќе претставува голем проблем, на расправии, поделби, па и дискусии што ќег8двлечат тежиштето на расправата од овој закон.

Втора негативна страна на овој систем, видовме и во локалните избори е дека претставува комплициран систем, затоа што истовремено се гласа и по мнозинскиот принцип и по пропорционалниот. Така што многу гласачи не знаеја точно, на кој начин, како да гласаат, листи, посебни, значи предизвика и од технички аспект проблеми. Сметам дека и понатаму би предизвикувал проблеми околу гласањето. к ј

Некој напомна дека, веројатно тоа и држи негде, дека со комбинираниот систем се овозможува секој пратеник да има поголема одговорност пред својата изборна единица. Тоа на некој начин држи. Ако

појдеме од тој аспект, ние сме сведоци дека многу од нас кога ги бранат интересите на избирачите од избирачката единица од каде доаѓаат, претежно се борат за решавање на инфраструктурните проблеми. Јас можам слободно да кажам дека 90% или 95% од прашањата што ги поставуваме до Владата се од аспект на инфраструктурата. Како пратеници најмногу се бориме за решавање на водоснабдувањето, на комуналните проблеми, проблеми околу расправите за поделба на општините, дали ова место ќе припадне таму или ваму. Значи дека претставувањето на пратеникот пред избирачите што го бираат секако дека не се сведува само на борба за инфраструктурата, туку треба таа борба да биде нешто повеќе, една политичка опција што ќе ја предложи пратеникот од името на изборната единица.

И, второ, ваквите инфраструктурни проблеми во една правна држава, во една држава каде владее правото се пронт на решавање на службите што постојат и во министерствата, службите што постојат и во локалната самоуправа. Значи дека нема потреба пратени- кот да биде само преносител или индикатор на некакви барања за решавање на инфраструктурните проблеми во својата изборна единица. Сметам дека тоа не е суштината на пратеникот да седи на ова место, туку напротив. Тој треба да брани сосема други опции, односно да учествува во расправата на законите, да ги брани законите од политичко-правен аспект, а не да служи како средство за решавање на инфраструктурните проблеми. Што значи дека со функционирање на локалната самоуправа и со функционирање на правната држава, правото во државата, овие проблеми треба навистина да се решаваат преку Владата, односно преку министерствата.

Јас сега повеќе би обрнал внимание на текстот, бидејќи е во прва фаза и би кажал некои забелешки што ги имам кажано и во расправата на Комисијата за политички систем, па би одел по ред.

X/8.-

Во членот 4, назначено е дека право да избира и да биде избран за пратеник има секој државјанин на РМ кој наполнил 18 години живот, има деловна способност, постојано живеалиште во РМ. Овој член 4 е во колизија со членот 22 од Уставот, став 1 каде јасно се вели дека право на глас има секој граѓанин кој наполнил 18 години без рестриктивно делување од аспект на неговото место на живееше. Што значи дека имаат право да гласаат и наши граѓани кои не живеат постојано во РМ, односно со Уставот е тоа гарантирано значи, со ставот 1 од членот 22.

Во членот 7, првиот став, мислам дека веројатно е технички лошо презентиран и исто така е во колизија со Уставот, со членот 63, став 3, каде што овде вели - избор на пратеници се одржува секоја четврта година, а најрано 90 дена, а најдоцна 60 дема пред истекот на мандатот на пратениците од претходниот состав на Собранието. Во ставот 3 член 63 сосема друго пишува, вели најдоцна 90 дена. Значи, овде е направено некоја пермутација во текстот што треба да се корегира.

Исто така, со членот 7 не е третирано прашањето на предвремените избори иако во Уставот е кажано. Меѓутоа, треба да се, на некој начин допрцизира, бидејќи овој член го опфаќа и третира делот на изборот на пратеници и во кои случаи се распишуваат избори.

Во членот 11, во ставот 6 е кажано дека Комисијата се состои од 10членови, односно претходно вели од 10 члена, се мисли на Државната изборна комисија, а во ставот 6 вели пет членови на Комисијата и нивните заменици се именуваат на предлог на петте политички партии што на последните избори на пратеници освоиле најмногу гласови. Овој став не е доволно допрецизиран и би требало

да се допрецизира со став дека овие 10 членови се бираат: пет претставници на позицијата или претставници на коалицијата што е на позиција и пет да бидат избрани членови од опозицијата.

Исто така треба да се стави процентот кои се тие пет членови од опозицијата,да се стави дека опозициони партии кои што на последните избори добиле најмногу 5% од довербата на гласачите.

Исто така, не е дефиниран изборот на претседателот на Државната изборна комисија и заменикот. Имено, овде е кажано дека се бира од редот на судиите на Врховниот суд, меѓутоа, сепак треба да се назначи, и ако се оди на некаков реципроцитет и кај членовите и кај Комисијата дека секретарот или заменикот биде претставник на партиите од опозицијата кои освоиле најмалку 5% од последните избори, односно според изборните резултати.

Исто така, во претпоследниот став кажува дека членовите на Државната изборна комисија по правило треба да бидат дипломирани правници. Може од стручен аспект овој став држи, меѓутоа ако се оди на принцип пет членови да бидат предложени од коалицијата што е на власт а пет од опозиционите партии, мислам дека би било многу непријатно опозицијата да предлага правници што ќе ги застапува во Државната комисија. Се разбира да се работи за некои реномирани луѓе/ да бидат на некој начин и јавно прикажани како членови на таа позиција. Сметам дека овој став би требало да се измени, да не се бара стриктно тие да бидат дипломирани правници, барем за членовите. А, за претседателот, заменикот и секретарот, тоа може да стои.

Во членот 21, во ставот 5-6, каде што се зборува за Државната изборна комисија, тој став вели: "Државната комисија ги утврдува и објавува резултатите според пропорционалниот принцип, се мисли на

првиот модел. Меѓутоа, овде не е ставено во кој рок треба да ги објави тие резултати. Сметам дека треба да се назначи.

Тоа исто важи и во членот 22, каде што во точката 8 вели - ги објавува резултатите во изборната единица и ги доставува до Државната изборна комисија. Исто треба да се каже рокот до кога ги објавува овие резултати, до кој временски период.

По однос на делот каде што се зборува за финансирање на изборната кампања, тоа истото го зборуваат и во врска со Законот за локалните избори, спомнато е во претпоследниот став дека евидентирањето на приходите ќе се искажува во вид на висина и изворот на тие приходи. Сметам дека не е баш пожелно и добро да се знаат точно спонзорите, посебно на опозицијата, на фирми, субјекти, личности кои ќе ја финансираат опозицијата. Сметам дека не би било коректно тие да се објавуваат јавно.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:** (Продолжение)

Веројатно намерата на предлагачот е на некој начин да се ограничи можност за манипулации, финансиски и тн., па од аспект на опозицијата и спонзорите кои ги имаат, ги има позицијата и воопшто кои ќе учествуваат во текот на изборите не е пожелно тие да бидат јавно кажани.

Во членот 53 во моделот 1 е кажано кои се тие средства што во изборната кампања на пратеник следуваат и е назначен износ од 15 денари по регистриран гласач во изборната единица, што сметам дека е навистина мал износ, 15 денари тоа е половина марка што значи сметајќи на претходното искуство по мое мислење овој износ би требало да се зголеми веројатно на една марка или пандан на вредноста на една марка во времето на изборите. Тоа се однесува и на алтернативата, каде е назначено дека организаторот за изборната кампања може да потроши 310 илјади по утврден кандидат за пратеник, се мисли на пропорционалниот систем. Сметам дека и тој износ би требало да биде нешто повисок.

Во членот 58 е спомната должноста на изборната комисија па се вели дека таа е должна еден еден пред денот определен за извршување на изборите да го предаде изборниот материјал на избирачките одбори. Овде е спомнат и единствениот избирачки список, а тоа го кажа и некој од пратениците, треба тој заеднички или единствен избирачки список да биде доставен до сите партии кои учествуваат во изборот на пратеници, иако министерот спомна дека според сегашната законска регулатива тоа е неможно, бидејќи постои закон со кои се ограничуваат, односно се даваат, не е можно тие податоци да се дадат во јавноста. Но, сметам дека треба да се измени и мора да се измени

од аспект што е битно овој аспект да биде доставен до сите учесници во трката во изборот, да се знае со кој број на избирачи се манипулира во секоја изборна единица и избирачко место, односно да се знае точно колкав процент од избирачите излегле на гласање и да се знаат точните резултати кој за кого гласал, односно да има контрола на тој избирачки список. Мислам дека искуството од минатите избори, па и пред тоа покажа дека главните забелешки што ги имаа сите партии кои учествуваа во тие избори е токму на тој единствен избирачки список.

Во членот 74 се дефинира, на денот на гласањето како ќе гласаат припадниците кои се на отслужување на воениот рок или се на воена вежба. Сметам дека во вториот став не е доволно регулирано на кој начин таа техника ќе се изврши со евидентирање на тие гласови, во касарните или во местата на одржување на воената вежба. Исто така, тука не се ставени и голем број на гласачи кои ќе бидат хендикепирани било од аспект на болест, или од аспект на неподвижност ако се инвалиди, како ќе го остварат тоа свое право на гласање кое законски им следува.

Во членот 77, во првиот став, е кажано вака: "Записникот и другиот изборен материјал избирачкиот одбор го доставува до изборната комисија во рок од 5 часа по завршувањето на гласањето". Сметам дека овој рок од 5 часа е преголем и навистина се има доволно време од 5 'часа да се прават и одредени манипулации, ако сака некој да ги прави. Мислам дека тој рок треба да се скрати, не да биде 5 часа туку да биде помалку и на тој начин ќе овозможиме и самата техника и самиот процес на гласање да се динамизира, да се забрза, а не во рок од 5 часа после гласањето најдоцна да се доставаат тие документи. Сметам дека е преголем рокот и тоа треба да се скрати, временски да се скрати.

Во делот за повторување на гласањето во членот 85 е назначено во кон случаи се повторува гласањето. Тука се ставени и во првиот и во вториот модел многу факти на кои начин се повторува гласањето и вели ако се утврди дека во гласачката кутија има поголем број на гласачки ливчиња, односно пликови од избирачите кои гласале се повторува гласањето, а во вториот модел вели, ако се утврди дека во гласачката кутија има поголем број пликови од избирачите кои гласале, сметам дека тука треба да се додаде став во кој ќе треба да се констатира дека ако записнички се констатира дека над 2% од ливчињата се неважечки, да се повтори гласањето во избирачкото место, а во изборната единица ако тој процент на неважечки ливчиња биде над 5% од вкупниот број на гласачки ливчиња.

Во делот на заштита на избирачкото право во членот 90 се спомнува постапката односно заради неправилности во постапката на кандидирање и во постапката на избор, секој кандидат и секој подносител на листата има право во рок од 24 часа да поднесе приговор до изборната комисија и вели, ако изборната комисија во рок од 24 часа не го реши проблемот, да се бара решение со жалба до Апелациониот суд. Сметам дека токму во овој став 3 на членот 90 треба да се стави составот на тој Апелационен суд, тоа треба да биде пандасн на последниот став од моделот 1 од истиот член 90, каде што се вели дека Врховниот суд на РМ по жалбите треба да решава во совет од 5 мина судии, што значи во овој случај би било адекватно и Апелациониот суд да решава во состав на советот од 5 судии.

Во однос на казнените одредби како завршен дел од предложениот текст, општо кажано сметам дека овие казнени одредби се навистина минимални за прекршоци кои се евидентно утврдени.

Тие прекршоци се ставени во неколку членови и висината на износите кои се во висина на тие казни. Сметам дека тие казни треба да бидат поголеми, затоа што знаеме што се случуваше во минатите избори и какви прекршоци имаше и од едната и од другата страна од сите инволвирани партии, од криење на плакати до разно-разни инцидентни случаи, па дури и физички пресметки. Сметам дека е ред и треба во оваа држава да се воспостават тие демократски принципи на однесување во текот на изборната кампања на фер и правични избори и сметам дека со зголемување на казната на некој начин ќе се рефлектира и во самиот однос на сите учесници во текот на предизборната кампања. Од друга страна, овде никаде не е ставена и одговорноста на органите кои ги спроведуваат овие прописи од аспект на констатирање на тие прекршоци. Тоа значи функцијата на дефинирање на прекршоците, односно дефинирање преку казните треба да има и таа своја одговорност во кој случај како и кога тоа треба да се решава.

Тоа се општи забелешки на текстот. Сметам дека, пак ќе кажам како Либерално демократска партија и како пратеници на оваа партија, сметаме дека сепак предност треба да се даде на вториот модел, на пропорционалниот систем од овие факти што претходно ги кажав и сметам дека само со еден ваков модел навистина правично и реално поставен во една држава каде што треба да владее правото дека ќе дојдеме до прави демократски избори, она што го очекува светот од нас, што го очекува Европа, а од друга страна ќе овозможиме тие демократски процеси подинамично да се развијат во државата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, почитуван минситре, од повеќе дискусии се потврдува впечатокот кој го носи секој од нас дека со овој закон и законите поврзани со ова прашање де факто треба да воспоставиме такви односи кои ќе обезбедат легитимност на изборите и фер и прифатливи избори за сите политички субјекти, односно воспоставување на стабилни односи во државата.

Неминовноста од законски промени во оваа сфера е утврдена и од самиот Устав, така што донесувањето на овој закон е и уставна должност која произлегува за нашето Собрание. Се надевам дека со овој закон ќе се отстранат сите дефекти кои евидентно се покажаа со досегашниот изборне модел кој не успеа да обезбеди стабилни политички односи, иако во 2 наврати имавме стабилна политичка власт, односно владеење во државата. Со тоа сакам да кажам дека освен ефектот на стабилност, кој се цели и се сака да се постигне со изборниот закон, посебно внимание треба да се посвети и кон обезбедување на такви општествено-политички односи во државата, кои ќе обезбедат и легитимност односно ситуации во кои нема да бидат оспорувани политичките резултати, односно резултатите од ^ изборите кои произлегуваат од одреден закон.

Се надевам дека со овој закон ние како пратеници во Собранието, со помош на Министерството за правда и јавноста која со големо внимание го следи донесувањето на овој законот, ќе обезбедиме легитимитет на избраните претставници на законодавниот дом и од него произлезената власт, односно да ги елиминираме сите можни причини поради кои одредени политички субјекти или политички групации или одредени граѓани, групи граѓани да не прифаќаат одредени изборни резултати.

XI/6

Сигурно дека наредна задача кој стои пред нас како пратеници и пред овој закон е да обезбедиме со изборната регулатива фер и демократски избори и елиминирање на сите видови манипулации со јавноста односно избирачите. За жал, во изминатиот период овие проблеми постоеја и се надевам, а тоа може да се забележи и од пристапот кој се има од страна на предлагачот на законот, се надевам дека и ние како пратеници ќе придонесеме за тоа и ќе ги сведеме сите можни манипулации на минимум, со што ќе се обезбеди и прифаќање на изборните резултати од сите политички субјекти кои учествуваат во него.

Следна задача која исто така стои пред нас и на која сите ние треба да обрнеме внимание е да донесеме таков закон за избор на пратеници, кој ќе биде иманентен на општествено - политичките односи кои владеат во државата, односно да обезбеди и соодветна изборна регулатива која ќе биде во согласност со мултиетничкиот карактер на државата, кој во нашиот случај никако не смее да се пренабрегне. Во оваа смисла сметам дека компонентата репрезентативност треба да ја преферираме, наспроти сите други ефекти кои ги носи мнозинскиот изборен систем.

Имајќи ги предвид сите овие цели кои треба да ги постигнеме со овој закон, сметам дека посебно внимание треба да обрнеме на изборот на моделот кој ќе биде понуден. Од страна на предлагачот на овој закон се понудени неколку варијанти. Едниот модел е комбинираниот, другиот е пропорционалниот со една или повеќе изборни единици сметам дека во сегашниот момент на општествено политички односи и за едно хетерогено општество како што е нашето дека е неопходен пропорционалниот изборен модел, цела држава една изборна

единица, со што ќе се постигне поголема соработка меѓу политичките субјекти и градење на односи на доверба, односно поголема кооперативност меѓу истите, со што се надевам и мислам дека ќе се постигнат одредени подобрувања во контролните механизми кои се неопходни на овој степен на општествена транзиција низ која минуваме ние.

Од друга страна, се надевам дека со пропорционалниот изборен модел ќе го поттикнеме и понатаму консензуалното решавање на одредени прашања од меѓуетнички карактер, кои се и еден од главните елементи кои влијаат врз стабилноста на политичките состојби во државата.

Иако од повеќе дискусии можеби се насети дека повеќе се протежриа комбинираниот модел од страсна на одредени политички сили, кои се со можност да влијаат на конципирање на овој закон, сметам дека не треба да се отстранат и сите други компоненти кои беа изнесувани од страна на одреден број пратеници во однос на тешкотиите кои произлегуваат во самото спроведување на законот, односно со комбинираниот модел несомнено се протежира односно се создава еден комплициран систем на гласање, кои во условите кои како ги имаме кај нас претставува тешкотија за самиот избирач, односно со ваквиот висок степен на неписмени или полуписмени граѓани, сметам дека на компонентата едноставност на изборите треба да се обрне високо внимание, за да се избегнат сите овие појави на кои бевме сведоци на локалните избори, кога гласачите просто не знаеја што да прават со тие ливчиња кои им ги даваат избирачките одбори. Сметам дека во оваа насока пропорционалниот изборен систем е најсоодветен за нашето поднебје и за овој степен на развој на политичките односи.

Од друга страна, не треба да се пренабрегне ниту фактот дека со пропорционалниот изборен модел ќе се овозможи формирање на професионална фела на политичари, кои за жал во сегашниот момент ги немаме, односно се се сведува на тоа, случајно, како ќе помине одреден политички субјект и мислам дек овој момент исто така е важен во државата за конципирање на одредени политички односи кои ќе бидат на подолг рок трајни.

Би сакал да обрнам внимание и на два моменти кои се забележуваа во практиката. Имено, првиот е дека политичките партии со тоа што не им се достапни избирачките списоци се оневозможени за поефективно работење на терен со избирачите и мислам дека во овој поглед што поскоро, односно штом ќе бидат дефинирани како такви, треба да им се достават на политичките партии за да можат да пристапат кон политичките активности кон самиот терен.

И втора работа која сметам дека има исклучителна важност самото утврдување на резултатите, односно прогласување на важечки односно неважечки ливчиња. Според сегашното толкување кое имавме прилика да го видиме од страна на избирачките одбори и изборните^ комисии, секое ливче во кое е заокружена партијата и еден од кандидатите кои се за пратеници или во случајот на локалните избори за одборници, се прогласува за неважечко, иако е јасно многу лесно се утврдува волјата изразена на избирачот. Мислам дека во овој случај не би требало да се прогласат за неважечки овие ливчиња само поради фактот што и покрај името на партијата е заокружен и еден од кандидатите кои стои на истата таа листа на партијата. Сметам дека во овие случаи кога е јасно изразена волјата на избирачот не би требало да се прогласуваат вакви

ливчиња за неважечки и да се има поголема флексибилност, посебно имајќи ја предвид целокупната состојба на граѓанството во нашата држава.

На крајот, да заклучам со тоа дека ние како партија протежираме пропорционален изборен модел, една изборна единица цела држава, но доколку сите политички субјекти изразат волја за одреден компромис, не ми е страна ни некоја комбинирана варијанта, иако обрнуваме внимание дека со тоа им го отежнуваме на граѓаните чинот на гласањето, со тоа што создаваме комплицирам систем на гласање.

**ЏЕЈ1АДИН МУРАТИ:**

Објавувам пауза до 16,00 часот.

(Паузата отпочна во 15,25 часот)

XII/1.- СП/ОМ

По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

има збор пратеникот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Законот за избор на пратеници е од системски карактер и од државен интерес и во таа смисла неопходноста од неговото донесување е неспорна под услов за остварување на основната цел од истиот закон , а тоа е да обезбеди фер и демократски избори.

Во таа насока ќе изнесам неколку коментари кои се во насока на подобрување на квалитетот на законот, а заради постандардно обезбедување на она што значи фер и демократски избори.

Во делот на основните одредби од законот каде се уредени по варијанта и алтернативи моделите, сметам дека отсуствува паралела со уредување и во согласно со изборните модели и измените на новиот закон, законот за изборни единици затоа што квалификувано изјаснување по тоа кој е најадекватен изборен модел би можело да се одлучува и оценува сигурно и со паралелно поднесување на тоа кои изборни единици по коригираниот мнозински модел или по мешовитиот модел ќе се уредат на ниво на Република Македонија за наредните парламентарни избори.

Кога отсуствува она што значи изјаснување на изборните модели и евентуалното отстапување од 20% варијација на опфатот на изборните

единици, сметам дека е преголема можност за отстапување од 20% и сметам дека за односните изборни единици би требало да се уреди евентуално отстапување за нивната големина од 5 до 10%. Во овие основни одредби исто така е за одбележување определбата на Либерално демократската партија на Пратеничката група за пропорционален модел кој ги задоволува ефектите од една поголема вклученост на повеќе релевантни политички субјекти во учеството во составот на парламент< од таквата поголема вклученост на релевантни политички субјекти во составот на парламентот нормално произлегува и поширока политичка основа за учесниците кои би го правеле парламентарното мнозинство за политичката Влада, а со самото тоа и на таквата јака политичка позиција во парламентот би одговарала и јака опозиција што е многу непосредно во прилог на демократските односи на парламентот и што би имало непосреден квалитетен ефект позитивен во однос на одлучувањето на расправите и одлучувањето во донесувањето на законските прописи.

Не е потребен пример за таа работа како прилог кон заложбите за пропорционалниот модел јаката опозиција не е само интерес на парламентарното работење и одлучување, јаката опозиција не како што е оваа сега и каде имаме во позицијата доминација на една партија на власт би претставувало на пример, не само непосреден придонес на демократските односи во парламентот, за неговата работа и одлучување, туку и интерес за граѓаните и правните субјекти за кои ги носиме освните закони.

Видете, опозицијата долго време зборуваш за потребата од намалување на јавната потрошувачка, долго време опозицијата ЛДП зборуваше за потребата и неопходноста од поевтинување на работната

снага како еден од условите што со закон можат да се обезбедат во создавањето на можности аз нови вработувања и во тие , така да кажам, сил ни заложби и на вака слаба опозиција ви-зави она што значи политичко мнозинство во моментот на односи на снаги во парламентот на Република Македонија сведоци сме тие заложби на опозицијата сега најдоа место и во актуелната економска политика на Владата која е презентирана преку партијата на власт.

Во таа насока тоа е еден типичен пример , сигурно би имало многу такви примери и би биле многу по квалитетни работата и одлучувањето на парламентот кога би имало и позиција која ја сочинувале повеќе релевантни политички субјекти како партиципиенти на таа позиција на власт, а не како сега и нормално со една јака опозиција која би била паралеле аи алтернатива на работењето, на она што значи извршна власт чија политичка основа би било тоа парламентарно мнозинство.

Во однос на статусот на пратениците нашата заложба е да се залагаме за професионализација на пратеничката функција, а за тоа не треба посебно објаснување , факт е сегашниот начин на работа со доста доцнење на седници, отсуство од седници што е еден од причинителите и непрофесионалното вршење на функцијата на пратениците. Со таквиот статус мислам дека во многу би се подобрила во делот на редовноста и остварувањето на пратеничките права и обврски , работата на Собранието на Република Македонија.

Во делот на органите за изборите сметам дека она што е повикување на предлагачот дека се работи за едни извонредни дмократ-ски решенија во составите на изборните органи , за мене претставува една формална регуларност која само навидум доловува дека се

работи за една рамноправна застапеност во органите за изборите од страна на позицијата и опозицијата додека суштински фактички повторно се форсира една доминација од партијата на власт во решенијата што се предлагаат во законот за составите на изборните органи.

Прво, државната изборна комисија се предлага да биде во состав од 10 члена при што изборот го врши Собранието на Република Македонија од кои 5 члена на таа државна изборна комисија ги предлагаат политичките партии кои на последните парламентарни избори добил најмногу гласови. Другите 5 остануваат и тие да бидат именувани од Комисијата за избори и именувања, а познавајќи го и од јасноста на тоа каков е составот на парламентот јасно е што другите 5 кандидати и избраници би станувало збор. Во таа насока нашиот предлог за државната изборна комисија да биде исто од 10 члена, но 5 члена да пред- лага опозицијата која на последните парламентарни избори во првиот круг добиле повеќе од 5% гласови, а другите 5% да ги предлага позицијата. Во таа насока и изборот на претседателот кој е од судиите на Врховниот суд предлагаме да е претседателот на Врховниот суд и во таа насока и неговиот избор да е со двотретинско мнозинство што многу би придонело во објективноста на законитоста на работењето на државната изборна комисија.

Исто така сметаме дека и работата на државната изборна ко- мисија и на изборните комисии треба да биде со двотретинско мнозинство присуство и одлучување на државната комисија или на изборните комисии по изборните единици.

Во делот на избирачките комисии застапуваме исто така паритетот што е предложен од предлагачот во законот да не биде од три за една

рамноправна застапеност во органите за изборите од страна на позицијата и опозицијата додека суштински фактички повторно се форсира една доминација од партијата на власт во решенијата што се предлагаат во законот за составите на изборните органи.

Прво, државната изборна комисија се предлага да биде во состав од 10 члена при што изборот го врши Собранието на Република Македонија од кои 5 члена на таа државна изборна комисија ги предлагаат политичките партии кои на последните парламентарни избори добиле најмногу гласови. Другите 5 остануваат и тие да бидат именувани од Комисијата за избори и именувања, а познавајќи го и од јасноста на тоа каков е составот на парламентот јасно е што другите 5 кандидати и избраници би станувало збор. Во таа насока нашиот предлог за државната изборна комисија да биде исто од 10 члена, но 5 члена да предлага опозицијата која на последните парламентарни избори во првиот круг добиле повеќе од 5% гласови, а другите 5% да ги предлага позицијата. Во таа насока и изборот на претседателот кој е од судиите на Врховниот суд предлагаме да е претседателот на Врховниот суд и во таа насока и неговиот избор да е со двотретинско мнозинство што многу би придонело во објективноста на законитоста на работењето на државната изборна комисија.

Исто така сметаме дека и работата на државната изборна комисија и на изборните комисии треба да биде со двотретинско мнозинство присуство и одлучуваше на државната комисија или на изборните комисии по изборните единици.

Во делот на избирачките комисии застапуваме исто така паритетот што е предложен од предлагачот во законот да не биде од три

претставника да предлага позицијата, три претставника да предлага опозицијата, но да се дефинира затоа што во нашиот политички живот во Република Македонија многубројноста на опозицијата доловува една опасност и сомневање дека многубројната опозиција фактички значи само одредени продолжени раце на позицијата и во таа смисла и бојазноста од можност од неавтентично застапување на прави претставници во опозицијата и во таа смисла дефинирањето би значело трите претставници во избирачките комисии од опозицијата бидат повторно предложени од партиите кои на последните парламентарни избори во првиот круг добиле повеќе од 5% гласови.

Во избирачките одбори предлагаме 50% од претседателите на тие избирачки одбори да бидат предложени и избрани од страна на политичките партии кои на последните парламентарни избори добиле 5% додека онаму каде претседателите на избирачките одбори би биле од позицијата нивните заменици да бидат од опозицијата.

Сметаме дека во делот на поглавјето за предлагање на кандидати она што значи право на сите регистрирани политички партии да вршат предлагање на листи на кандидати во мнозинскиот модел и на листи на кандидати во пропорционалниот модел сметаме дека е нбадекватно во смисла на духот и целта што ја има мнозинскиот изборен модел во таа насока што и на последните парламентарни избори па и на локалните избори и за избор на градоначалници и советници, а посебно на последните парламентарни избори имаме состојба во одредени изборни единици по мнозински модел се бираат пратеници и градоначалници со малцинство на гласови во вториот круг на гласање.

Во таа насока во подглавјето за предлагање на кандидати предлагаме не сите регистрирани политички партии ,туку политичките

партии докажат членство од 2500 односно над 2500 члена, да имаат право да предлагаат лица во сите изборни единици листа на кандидати и листи на кандидати. Во оваа насока и цензусот на непосредно предлагање на листа; на кандидати од 300 избирачи за листа на кандидати по кандидат по мнозинскиот модел и илјада избирачи за листи на кандидати по пропорционалниот модел во ова насока заради авторитет на предлагачката функција на носителот на листите, предлагаме и овој цензус од 300 односно 1000 во нагорна линија да се зголеми.

Во делот на самата изборна кампања подржувајќи ги тие стандардни одредби наша заложба е одлуката за правила на рамноправно медиумско претставување во нејзиното подготвување во одборот да учествуваат и претставници од опозицијата.

Во делот на гласањето наш генерален став за застапување е повторно да се воведе поканување на избирачите за гласање односно не го прифаќаме јавното повикување на избирачите за гласање, бидејќи се покажа од искуство дека процентот на одѕив на гласачите кај овој модел на јавно повикување е незадоволителен и сепак нашиот граѓанин гласач со непсоредно лично поканување на некој начин се официонализира неговата уставна и граѓанска обврска да го оствари своето бирачко право.

Понатаму, на политичките партии задолжително застапуваме да се види. пред изборите како го пријавуваат своето учество задолжително да им бидат доставени и изводите од избирачките списоци и единствениот избирачки список.

Еден од основните содржински квалитети на овој закон во насока со донесувањето на овој закон обезбедуваме фер и демократски

избори е токму во тоа политичките партии учесници на листите на кандидати и организаторите на изборните кампањи да можат со пријавување на учеството на изборите да им бидат достапни и изводите од избирачкиот список и единствениот избирачки список со цел да се оневозможат преку активностите на политичките партии кои учествуваат на изборите манипулациите кои со избирачките списоци се можни, а сега се во достапност само на оние кои се на позицијата на власт.

Во таа насока во делот на избирачките списоци исто така во духот на објективноста на гласањето има можност за ограничување на можните манипулации, а во насока на фер и демократски избори е и посебноста на утврдување на избирачките списоци на лица кои се наоѓаат во странство и на лица кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок затоа што таквите лица досега не им се достапни на никој од учесниците на изборите, мислам на оние кои се како политички партии или група на избирачи кои предлагаат листи на кандидати.

Во делот на избирачкиот материјал сметам дека треба прецизно да се регулира содржината на гласачкото ливче. Во таа насока сметам дека и самиот модел на непосредни општи и тајни избори нема оправдување за некое нумерирање на гласачките ливчиња во смисла на обезбедување на тајноста и би било добро во мнозинскиот модел на изјаснување да се воведе пликот како при пропорционалниот модел кога од листи на кандидати за листата на која се определува гласачот ја става во плико и така гласа. Тоа е во интерес на тајноста и објективноста на гласањето и она што е во утврдувањето на гласањето многу битно кои се сметаат за неважечки гласачки ливчиња. Тука манипулациите и од последните парламентарни избори и од претходните локални избори

беа во делот на утврдувањето на неважечките ливчиња таква дискреционост на избирачките одбори што навистина просто за манипулации и примери за манипулации имаше доста. Во таа насока треба да стои генерално и јасно кое гласачко ливче е важечко во смисла на одредбата што ја нуди предлагачот дека тоа треба да биде она гласачко ливче на кое гласачот недвосмислено и јасно укажува за што се определил во своето избирачко гласање. Се друго што е услов за неважечко гласачко ливче во смисла да не одговара серискиот број, некој нешто да допишувал на гласачкото ливче, да не се потпишал некој на гласачкото ливче или ако е во пропорционалниот модел гласал за листата на партијата, а го заокружил кандидатот од листата на партијата мислам дека се непотребни квалификации за неважечки гласачки ливчиња и само еден простор за можно манипулирање во утврдувањето на изборните резултати.

Во делот на мнозинскиот модел наша заложба е ние застапуваме во вториот круг на гласање во случај кога нема да се добие мнозинство од една третина од избирачите кои се запишани за таа дотична изборна единица, туку во вториот круг на гласање одат оние двајца кандидати кои ќе добијат најголем број на гласови тоа е во духот и суштината на мнозинскиот модел на гласање, а се друго некои ниски прагови што се предлагаат сега од 7% само овозможуваат она што веќе го кажав во вториот круг на гласање кога за избиран се смета кандидатот кој добил најголем број на гласови, навистина биде избран по мнозински модел кандидат кој ќе добие малцинство на- гласови од изборната единица и во таа насока е одредбата со која не се дозволува откажување на кандидатите кои ете влегуваат во вториот круг на гласање сметаме дека во интерес на мнозинскиот модел е и тоа право на откажување на кандидатите во вториот круг на гласање, овозможи.

XIII/1

јм/вс

**ПАНЧО МИНОВ**: (продолжение)

Тука колегата од Куманово зборуваше за предности на модели за врзаност на предлагачката функција на носителите на предлозите со потоа мандатот на пратениците и во таа насока за некои предности на одредени модели дали мнозински дали пропорционален ме поттикна неговата дискусија да се изјаснам дека задолжително во овој закон во духот на професонализацијата на функција на пратеници, во духот на јакнењето на партискиот плурализам на составот на Парламентот и улогата на носителите на предлозите да евентуално преминување на пратеникот избран, или предложен од една политичка партија во вршењето на мандатот во друга пратеничка група на друга партија да се оневозможи, да се забрани, бидејќи тоа е една голема измама и на самите избирачи бидејќи во определувањето и по мнозинскиот а посебно по пропорционалниот модел и во духот на она што значи претставнички дом на Собранието и претставување на пратеникот на избирачите кои ги застапува дека е едно големо изигрување и измамување да во вршењето на мандатот одреден пратеник од една политичка партија предложен, од таа политичка партија биран во вршењето на мандатот да премине во друга пратеничка група, односно партија.

И на крајот ќе завршам со делот на санкциите. Сметам дека овие санкции што се сега предложени во законот дозволуваат исто така многу можности за кршење на законот бидејќи истите се ниски и предвидуваат само прекршоци. Па во таа насока сметам дека треба во тоа во кој прекршување на одредбите од законот се исполнуваат условите и за кривична одговорност да се предвидат и кривични санкции и кривични одговорности посебно за членовите на изборните органи со тоа што застарувањето на таа кривична одговорност ќе биде до крајот на мандатот на идниот состав на Парламентот.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, министре, колеги.

Нормално сега колку повеќе дискутанти излегуваме постои можност од повторување на некои работи. Јас ќе се обидам да бидам по концизен и пократок, меѓутоа сите ние сега кога излегуваме на говорница застапуваме,

воглавно ги искажуваме нашите определби за еден или за друг понуден изборен модел, застапувајќи ги пред се интересите на партијата на која и припаѓаме. Меѓутоа, приодот по мене исклучиво на изборот на изборниот модел поаѓајќи од чисто теснопартиски интереси би бил погрешен приод од причина што треба да се определиме за таков изборен модел кој сигурно занемарувајќи ги партиските интереси ќе овозможи пред се избор на квалитетен Парламент, а потоа се разбира и стручна и компетентна Влада пред се секако почитувајќи ги и земајќи ги во предвид во најголем број интересите и волјата на избирачите.

За значењето на изборите како еден процес многу важен за парламентарната демократија нормално не би сакал посебно да зборувам но би истакнал дека нема демократско општество без фер и правилно и фер спроведени избори. Демократско општество не можеме да имаме доколку вакви избори не спроведеме и затоа запожбите наши и наши забелешки на предложениот закон треба да одат во таа насока да ја обезбедиме оваа многу битна претпоставка. Многу е важно со изборите со начинот на спроведување на изборите на фер и демократски избори мислам дека значењето на еден таков спроведен процес ќе биде и со тоа што ќе обезбедиме еден мирен и пред се погоден за развој пост изборен период. Сосема би било добро кога би спровеле такви избори што во тој пост изборен период би имале стабилни услови и погодни услови за работа и на новоизбраната Влада и на Парламентот што пак реков го ставам како важност во контекст на праведни и фер спроведени демократски избори. Се разбира дека она што најмногу е интерес на сите е понудениот изборен модел, меѓутоа од она што досега многу пратеници го искажаа како да се издифиренцира мислењето на повеќето од дискутантите, барем јас така забележувам дека повеќе се присталици за пропорционалниот изборен модел со тоа што се надевам дека предлагачот на законот би требал во секој случај да го почитува мислењето на повеќето од политичките партии кои што барем денеска на оваа говорница изразија мислење дека се повеќето за пропорционалниот изборен модел. Секако дека ставот на ЛДП е јасен, а тоа е познат дека ние се залагаме како што веќе беше кажано за пропорционалниот модел со една изборна единица на подрачјето на целата Република односно на

државата и тоа ние од таквата претпоставка и таквиот предлог не поаѓаме исклучиво само од тоа дали со таквиот изборен модел ќе се добие нешто повеќе, или нешто помалку гласови од причина што сметаме дека ЛДП со својот рејтинг и со својата големина се наметнува како една неминовност било кој изборен модел да биде прифатен. Значи поаѓаме од тоа што сметаме дека пропорционалниот изборен модел е најоптималниот модел кој што има повеќе предности, за кој што и мојте колеги претходно рекоа. И тоа пред се заради тоа што сметаме дека се обезбедува едно релативно поевтино водење на постапка односно на изборите и дека таквите избори завршуваат само со водење на еден круг. Таа е едната од погодностите што сметаме дека ја носи овој пропорционален модел.

Второ, како што мојот колега Панчо Минов истакна обезбедува по наше мислење една силна опозиција што не е само од интерес на опозицијата, туку е од интерес воопшто и на самиот Парламент да фактички во него, односно имаме и една јака опозиција која ќе даде свој соодветен придонес во работата на тој Парламент. Притоа, воопшто не е битно толку дали во опозиција после тие избори ќе биде ЛДП, или ќе биде СДС што по мене е поверојатно. Важно е да се добие една одговорна Влада со учество се разбира на повеќе партии. Исто така сметам дека со овој пропорционален модел на поадекватен начин ќе се изрази и волјата на гласачите во целина. Имено, како што сами знаете во практиката имаме случаи да во зависност од изборот на моделот може да се случи со 30% добиени гласови на изборите се обезбедува 70% учество на одредена партија во Парламентот што по мое мислење на е адекватен израз и однос на изразот на волјата на гласачите. Такви примери имаме повеќе и затоа сметаме дека овој пропорционален модел фактички најадекватно и најцелосно би ја изразил волјата на гласачите. Притоа, како контра аргументи за ваквиот избор беа посочувани повеќе слабости меѓу кои беше и искажано дека со пропорционалниот модел се добива во извесна смисла на зборот нестабилна власт. Меѓутоа, јас не би се согласил во ваквата критика, односно со ваквиот контра аргумент заради фактот што на пример и сегашната Влада на Република Македонија која што по мене не функционира баш успешно е составена фактички од огромното мнозинство на една партија. Значи и идната Влада воопшто не е аргумент дека би била нестабилна Влада доколку

во неа учествуваат повеќе партии. Притоа држи и фактот дека било од кој аспект да се набљудуваат работите Република Македонија ќе се соочи и се соочува со фактот дека во власта фактички најверојатно ќе не може апсолутната власт да ја освои една партија, ќе учествуваат најмалку три партии. И се разбира ако се појде од сегашниот рејтинг кој што можевме да го видиме од емисијата "профил" на Сител, значи можеме да сметаме на учество во власта барем на три партии. Значи таа реалност не може да се избегне. Инаку контра аргументот дека мапите политички партии би биле доста присутно, исто така не држи од аспект на тоа што тоа се регулира со тој процент со кој што се одредува учеството на избор на пратеник во Парламентот. Значи во зависност од процентот кој ќе биде определен зависи тоа колку ние сакаме помалите партии да влезат во Парламентот со свои претставници, а колку тоа не го сакаме. Помалите парии исто така преку пропорционалниот модел можат да ја искористат можноста доколку процентуално со тој лимет не би можеле да влезат според сродноста на политичките програми да можат да координираат заеднични во листите на поголемите партии со што фактички ќе се дојде до такво зближување меѓу нив по основ на политичка, а не по основ на националната форма. Значи помали такви партии можат да координираат со сличноста на политичките програми со д ругите посилни партии и да се обезбеди на извесен начин по тој основ нивно учество во Парламентот.

Инаку, мнозинскиот систем по мене е систем така да кажам на се или ништо и тој е фактички систем во кој што одредена политичка партија која што особено претендира на таквиот систем има една поголема сигурност да решава одредени персонални прашања во својата партија преку тоа што е убедена дека во одредена изборна единица одреден нејзина кандидат, иако тоа сто посто не може да се тврди, но може да смета на една поголема сигурност во решавањето на тоа прашање.

Исто така, со пропорционапниот модел може да се овозможи и учество на поширок така да кажам, на поширок дијапазон на социјалните слоеви. Значи би се обезбедила една поголема застапеност и на пониските социјални слоеви и на другите со што мислам дека се добива во квалитет на работата ма Парламентот. На една расправа мислам беше спомнато дека постои опасноста дека со пропорционалниот модел

може да се случи да речеме најголемиот број на предложени пратеници да бидат од престолнината односно од Скопје, Меѓутоа, тоа се разбира не може да биде точно, затоа што тоа пред се зависи од кадровската политика што ја води партијата спрема одредени пратеници, луѓе кои што сакаат да бидат застапени, односно да учествуваат во изборите. И според тоа значи од неа зависи на листата дали тоа ќе бидат повеќе од едно место или ќе бидат од повеќе места, значи тоа сепак една кадровска политика на партијата.

Кај мнозинскиот систем постои таа опасност што да речеме само со д

сетина гласа повеќе може да се добие пратеник, со десетина гласа помалку не може да се добие. Значи за разлика што таа можност има многу помало влијание кај пропорционалниот модел. И се разбира се земаат во предвид при одредување на бројката на пратеници се земаат во предвид и оние гласови кои што гласачите ги дале, меѓутоа не ги дале за оној пратеник за кој што е избран, кој го добил мнозинството. И затоа мислам дека и тука е предноста на тој пропорционален модел. Инаку, мислам дека најважно од се при изборот на моделот е да не се повтори сегашната состојба во која што скоро 100% од апсолутната власт ја има на пример партијата која што можеби сега ја има довербата на 20, или 25% од гласачите, да не импровизирам, а со пропорционалниот модел тоа би се анулирало. Значи власта односно мнозинството би го имала онаа партија која навистина ќе добие најголем број на гласачи од вкупниот број на гласачи во Република Македонија.

Што се однесува до другите прашања кој се третираат со законот јас би бил на пример присталица за професонапизација на пратеничката функција, односно сегашната работа на Парламентот по мое длабоко убедување ги покажа сите слабости на фактот што пратениците не се професионалци што мислам дека е случај со многу Парламенти. И мислам дека со професонализацијата на функцијата пратеник ќе се добие многу во квалитетот на работењето на Парламентот и затоа јас би бил заложник за професонализацијата на пратеничката функција.

Избирачките списоци се темел на изборите. Ние не смееме овој пат да дозволиме она што како слабости во тие избирачки списоци ни се јавија при минатите избори и на тие списоци имавме умрени луѓе, или

имавме некои луѓе од една изборна единица префрлени во друга што можеби не е некоја тенденција нечија, но зборуваше за една непотполност, нецелосност и објективност на тие избирачки списоци.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:** (продолжение)

Секако во меѓувреме имавме доволно време во овој изминат период тие слабости да ги надминеме. Меѓутоа, за жал, моето согледување е дека во мојата изборна единица , од проверката на тие избирачки списоци на многу места се гледа дека околу 20% од избирачите ги нема на тие избирачки списоци, што, се разбира луѓето кои што вршат увид имаат начин и постапка како тоа да го надминат меѓутоа, факт е дека тие беа непотполни, барем таму каде што ние ја направивме таа проверка. Се надевам дека во овој период треба да ги преземеме сите мерки за да се анулираат сите сомневања во регуларноста на изборите што во многу зависи од објективни и целосни избирачки списоци.

На крајот би кажал неколку збора за легитимациите. Ние се залагавме за такви избирачки легитимации и понатаму стоиме на тоа. Меѓутоа, треба да се преиспитаме дали сме спречени во целост избирачите да ги добијат тие избирачки легитимации, бидејќи ако тоа не можеме да го направиме, во тој случај, веднаш, постои сомнежот дека одреден број на избирачи ќе ги добијат таквите легитимации, други нема да ги добијат и се јавува сомнежот во манипулација кој добил легитимација а кој не. Тоа би било само во случај ако избирачката легитимација е единствениот документ за идентификација. Значи тука би требало да се обрне особено внимание тој, можеби да не биде единствениот документ за идентификација. Инаку би бил до колку во целост успееме тој процес на издавање на избирачки легитимации да го спроведеме кај сите избирачи.

И на крај она што претходниот пратеник рече дека казнените одредби треба да бидат малку по целосни и да се предвидат соодветни санкции за државната изборната комисија и комисиите, до колку ја повредат односно ги повредат одредбите на овој закон.

XIV/2

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Потполно се согласувам со претходните дискутанти или поголем дел од дискутантите и министерот, дека се работи за многу битен закон, закон за избор на пратеници во највисокиот законодавен дом и закон кој се предлага во однос на надградба на претходниот закон односно се предлага нов закон. Потполно се согласувам со потребата од изработка на овој закон, исто така од причини изнесени во самиот закон и посебно причините што ги изнесе министерот пред нас пратениците и не би сакал тие да ги повторувам.

Исто така сметам дека основните начела врз основа на кој се заснова овој закон и расправата во овој Парламент, во работните тела, па дури и на вонпарламентарните партии, така наречените пред-комисиски работни тела кои ги организираа одредени партии, даваат доволна гаранција дека ќе изградиме закон врз основа на кој ќе можат да се остварат демократски и фер избори.

Исто така посебно сметам дека битно е тоа што концептот на овој закон тргнува од едно гледиште во поширока смисла на сфаќањата на изборниот систем , на целокупниот изборен процес, вклучувајќи го изборното право и изборната организација. Сметам дека со таа целина даваме доволна гаранција за развој на демократијата и за фер и демократски избори.

Поголемиот дел од пратениците и јас сметаме дека најважен дел, тргнувајќи од оваа композиција на законот, најголемо внимание предизвикува членот 2 од овој закон каде предлагачот, Владата, преку Министерството за правда предлага алтернатива во изборните модели, тргнувајќи од комбиниран изборен модел , како што овде некој рече , како прв изборен модел, сметам дека не е многу битен редоследот и пропорционален изборен модел со една и повеќе изборни единици

затоа сметам дека најаснувањето на претенциите и на сите нас битно ќе влијае за изградба или оформување, од страна на предлагачот, на предлогот на законот, со едно конкретно решение. Но, сигурно нема да влијае на искажувањата, особено на претходниот дискутант кога повеќе дискутанти се изјасниле за пропорционалниот модел . Тоа е едноставна, работа. Ако изјаснуваме и ако тргнеме по таа логика за што кажа претходниот дискутант, многу е јасен распоредот на силите во Парламентот и на коалицијата и на една најдоминантна партија. Не сакаме предлагачот да тргне од тој модел. Ако сака предлагачот и партијата која ја претставува да си излезат сите 62 пратеници, сигурно ќе има, па ќе зборуваме за мајоризација. Сметаме дека со една расправа, врз основа на аргументи треба да се избере модел кој најмногу ќе му одговара на тој степен на развојот на демократските односи во Македонија, а сметам дека и досега така се води расправата и во овој Парламент и од страна на предлагачите.

Поголем број пратеници овде истакнаа дека немаат единствено гледање на значењето на изборниот систем , особено на изборниот модел, додека едни пратеници и во теоријата и во политиката му даваат преголемо значење на изборниот модел, врз основа на резултатите, додека друго гледиште кое беше истакнато овде, мислам посебно елаборирано од пратеникот Бранирод Михајловски и од сите пратеници велат дека изборниот модел нема големо значење за развој на демократските процеси во секоја држава.

Јас сум присталица на она гледиште што и повеќе пратеници овде го изнесоа а тоа е дека во секој случај изборниот модел влијае на бирачите, на резултатите од изборите и сигурно врз основа на тие резултати од изборите, на поделбата на власта и она што е најважното

на стабилноста на политичкиот систем во секоја држава, односно на политичката стабилност на секоја држава влијае изборниот модел.

Тргнувајќи од ваквото сфаќање за значењето на изборниот модел, исто така тргнувајќи од развојот на демократските процеси во РМ, посебно одразуваат на изборната демократија во РМ . Ние сме свесни дека поминавме два пратенички избора, или првите одборнички и едни избори за локални избори.

Сметам , во првите избори , прифаќајќи го мнозинскиот изборен модел кој беше на 120 уни-номинални изборни единици, се покажуваа различни начини од значењето на изборниот модел. Мнозинскиот модел од 1990 година и недостатоците во избирачките списоци беше доста критикуван пред или по првиот круг. Но оние критики кои беа после завршување на вториот круг не беа такви критики на изборниот модел, бидејќи се свртеа резултати од првиот изборен модел до вториот изборен модел, што значи различно е гледањето и од политичките партии за изборниот модел , а пред се зависи од резултатите на изборите.

Исто така во периодот од 1990 до 1994 година Парламентот не водеше многу грижа во изградба на изборното законодавство. Но пред изборите од 1994 година, овој Парламент во претходниот состав се отвори една доста конструктивна расправа која траеше повеќе денови, со учество на сите тогашни парламентарни партии и во расправата се дојде до изградба на еден закон , предлог на закон во кој доста се интервенираше и амандмански. Во тој период беше и алтернативата на изборен модел 120 + 20, 120 на мнозински а 20 на пропорционален. Но, од распоредот на полатичките сили не се донесе законот за избор на пратеници, односно измени и дополнувања на Законот за пратеници и во 1994 година одевме на избори со истиот закон од 1990 година.

XIV/5

Во развојот на изборното законодавство сите овие искуства од 1990 и 1994 година , што сметам дека беше добро, беа вградени во Законот за локални изборот и ние за прв пат во Македонија спроведовме два модели. Го воведовме пропорционалниот модел и мнозинскиот модел за избор на градоначалници, а пропорционалниот за советници, што значи во изградбата на изборната демократија се сретнавме и со пропорционалниот модел.

Тргнувајќи од овие два битни елементи, а морам да истакнам и од елементот што овде од повеќе пратеници беше искажуван но им се даваше предност на овие два битни елементи и од партијата на која и припаѓам СДСМ, како најголема парламентарна партија со огромен број на членови, симпатизери, партија со најголем број на градоначалници и советници во оваа држава, партија со развиена инфраструктура, бидејќи во секоја општина имаат своја општинска организација, во секое населено место имаат своја основна организација и досега на сите избори од 1990 до 1996 година би ги оставила своите избирачи и симпатизери без да истакне свој кандидат , како тоа што го прават некои партии, тоа е случај со последните избори во Тетово кога истакна свој кандидат. Сметам и од тој аспект на овој степен на развој на демократските односи во РМ му одговара комбиниран изборен модел со доминантно учество на мнозинскиот, а помал дел на пропорционалниот. Истите овие аргументи беа изнесувани од повеќе пратеници за пропорционалниот модел . Тоа е различно гледање и овде од многу луѓе беше кажано, односно пратеници, беше изнесено дека предностите на пропорционалниот и мнозинскиот модел и во теоријата ни ги покажуваат оние резултати кои што се даваат теоретски. Беа посочувани и конкретни примери, а беа посочувани и земји каде е мнозинскиот а каде е пропорционалниот модел.

Сметам, обратно на некои други, тргнувајќи пак од стабилноста на политичкиот систем на нашата држава, тргнувајќи од развојот на демократските процеси на партијата на која и припаѓам, сметам дека на РМ во овој момент на развој на демократските односи најмалку и одговара пропорционалниот изборен модел со една изборна единица, што значи останува третата варијанта во средина што би била поприфатлива во однос на овие два модели на пропорционален систем. Тоа е мое гледање и моето сознание во развој на односите на РМ, што е различно, сигурно и подобро од некои пратеници кои имаат свои гледања.

Сметам дека ниеден изборен модел нема да овозможи демократски избори ако нема заокружено изборно законодавство и решенија- та кои се нудат во овој закон.

Решенијата кои се нудат во овој закон, пред се за органите за спроведување на изборите, сметам дека најбитниот и најважен орган на избирачките одбори кои ја покажаа својата функција на локалните избори и со законот за локални избори во РМ се отиде многу напред во однос на развој на демократските односи со воведување на избирачки односи составени на паритетна основа, на позиција, опозиција.

Кога сме кај избирачките одбори, регулирајќи го и прашањето на посматрачите, и значењето на изборните комисии кои во го- лем дел се слични со своите функции и значење од Законот за локал- ни избори и државната Републичка изборна комисија, сметам дека овие органи составени на паритетна основа, на позиција-опозиција, сигурно имаат одредени забелешки кои беа изнесени од самите пратеници, ќе се доизградат и даваат голема гаранција за спроведување на демократски избори, бидејќи сите пратеници овде сме учествувале и знаеме како се

спроведуваат особено во избирачките одбори. Контрола, над- зор, давање на избирачкиот материја, сметам дека во Македонија е надминат тој момент да можат да се вршат манипулации со изборните материјали и тоа што често е укажувано на претходните избори од страна на опозицијата.

Сметам дека во ред се и одредбите за предлагање на кандидати и не би имал некои големи забелешки. Исто така и за изборната кампања.

Сакам да укажам дека и законот за локални избори, одлуката за изборната кампања од овој Парламент беше прифатена од страна на опозицијата односно опозицијата предложи одлука за организирање на изборна кампања и сега она барање што беше логично во тој Одбор или тело за одлука, да учествуваат и претставници на опозицијата, што не е ни малку спорно за еднакво и паралелно застапување по однос на средствата и медиумите, како електронски така и пишани.

Во однос на финансирањето на изборната кампања, сметам дека решенијата се добри и во однос на заштита на избирачкото право каде се обезбедува двостепеност во однос на постапката.

Сметам дека со овој закон и со досега донесените закони за регулирање на изборното законодавство и со донесување на законот што некои пратеници го бараа да го следи овој закон , Законот за изборни единици што сметам дека не е логично бидејќи не ги имаме утврдено моделите, ќе создадеме нормативно правни услови за одржување на демократски и фер избори. И покрај таквото нормативно правно заокружување сметам дека нема да спроведеме демократски избори до колку не се вклучат и дадат свој придонес и другите учесници што треба да учествуваат во тој дел. Тоа е пред се однесувањето на политичките партии и јавните медиуми.

Сакам да укажам или да коментирам одредени укажувања, пред се на искажани забелешки по овој закон од страна на позицијата, иако на денешнава седница беа поскромно искажани. Преку средствата и медиумите беа искажани во еден појак тон. Особено посебно беше важно искажувањето дека ќе бидат бојкотирани изборите до колку позицијата или Владата не ги достави на увид избирачките списоци. Мислам дека така беше во средствата за јавно информирање, а денес не беше така искажано.

Мое мислење по тоа прашање е дека политички и за мене како пратеник не е спорно да се достават избирачките списоци. Но при тоа мораме да водиме сметка и министерот укажа на одредени Уставни и законски проблеми. Пред се тука е членот 18 од Уставот каде се вели дека се гарантира сигурност и тајност на личните податоци. Врз основа на оваа одредба од Уставот е изработен и во 1994 година во овој Парламент е донесен Закон за заштита на личните податоци. Исто така овој Парламент и сите ние заедно го донесовме Законот за избирачки списоци, во кој, во членот 38, министерот го цитираше во однос на тајноста, бидејќи единствениот избирачки список претставува строго дов. и се заштитени , согласно ... (да не го цитирам)

Нормите во овие закони сигурно би требало да се изменат и од аспект на тоа што значи доставување на 1,5 милион бирачи односно единствениот избирачки список со 1,5 милион избирачи, во однос на член 17 во тој закон во кој избирачкиот список содржи матичен број , име, презиме , татково име и сите оние генералии.

Се согласувам со измена на овој закон некои од овие генералии да се исчистат согласно законот и согласно Уставот и да се доставаат. Но тука сметам треба да се догради изборното законодавство. Замислете што ќе се случи .

XIV/9

Претставниците на партиите, до колку бараат свои нормално до колку одлучиме ќе им дадеме избирачки списоци или изводи од избирачки списоци и со тоа ќе се вклопат и од изводите се до- бива регистарот на единствениот избирачки список.

Претставниците кога ќе ги добијат изводите ќе се претворат во органи за спроведување на избори. Тоа треба да се регулира во ова или во Законот за избирачки списоци. Ќе влеземе во избирачкото место, знаете претставниците на партиите ќе бидат со избирачки списоци и почнат да изигрувaат органи со барање на податоци и со заокружување.

Не се спорни избирачките списоци во помалите општини, бидејќи изборните единици иако се , во просек со различни и варирање на неколку изборни единици , со просек од околу 10.000 или 9.000, или 12.000, во помалите градови односно изборни единици каде што имаме еден или двајца пратеници не е спорно, бидејќи луѓето се познаваат. Спорно е во поголемите градови како што е Скопје, Битола и сл. и не би претставувало, на ова мое тврдење тајна , бидејќи избирачкото место е определено по згради и улици, министерот ќе го определи избирачкото место и тие податоци можат да се најдат дури и во одредени телефонски именици.

XV/1.- СС/МЛ

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Затоа, тој дел на името, презимето и адресата, според мене не претставува тајна и би можеле да се доставaт на сите заинтересирани, сигурно пред се на политичките партии. Верувајте, немојте да мислите, да го кревате на толкаво големо ниво, избирачки- те списоци, бидејќи поседувањето, бидејќи ги имаат органите, не знам дали ги имаат партиите.

Тука исто така беше и околу собирањето на потписите на опозиционите партии. Не даваат можност, барем според мене, дека имањето на избирачките списоци дава можност за влијание, барем во овој момент, кога граѓаните политички се определени, односно на оној дел неопределени. Ако го знаеш избирачкото место, пратеникот има, ако е до илјада, има десет избирачки места. Во однос на спроведување на кампањата може да агитира од куќа до куќа и слично. Да ги употреби сите методи што ги има на запад. Мислам дека давањето на избирачките списоци не е на толкаво ниво што може да влијае на изборите, тоа што опозиционите партии го бараат.

Кога сме кај избирачките списоци, се префрлуваат и од овде одредени пратеници дека не се ажурирани. Сметам дека Министерството, благовремено, презеде активности за ажурирање на избирачките списоци. "Во избирачките списоци имало мртви лица". Сигурно дека со одредена контрола овие избирачки списоци, што се за тоа изнесени, за ажурирање и на увид на граѓаните, на партиите, се не- каде од 31.08.1997 година, како што видовме и од страна на министерот. Во меѓувреме сигурно има и таканаречени мртви души. Сигурно ќе има и понатаму, бидејќи таа евиденција перманентно тече.

XV/2.-

Еден многу битен елемент во однос на избирачките списоци, кога се вели дека во Република Македонија има парадокс. Кој е тој парадокс? Има одредени општини каде бројот на избирачите е поголем од бројот на вкупното население на граѓаните.

И тој парадокс постои. Точно е. Но, тоа е врз основа на оние луѓе кои работат надвор, а врз основа на пописот на граѓаните, граѓани кои биле на привремен престој во странство над година дена не се земаат во вкупниот број на население, а се ставаат во избирачките списоци.

Исто тука имаше одредени забелешки, повеќе во печатот, дека избирачките места, за што морам да нагласам, не знам, не го следев, не знам дали министерот кажа, што се како нацрт ставени на јавен увид на граѓаните, биле различно оддалечени од живеалиштата на одредени граѓани. Сметам дека тој нацрт и одредени политички партии може да интервенираат и да се прецртуваат избирачките места

Посебно битно и важно што се истакнува, од неколку пратеници беше кажано, тоа е таканаречениот член 4 од овој Закон, во кој што, не знам дали е несреќна формулацијата во членот 4 каде се вели дека - граѓаните кои се на престој во странство немаат право на глас. Тоа не е точно. Јас сметам и јас имам една забелешка, треба предлагачот овој член да го усогласи потполно со член 6 и член 12 од Законот за избирачки списоци. Таму е речено дека избор на пратеници се врши согласно единствениот избирачки список. А во единствениот избирачки список, мислам дека е тоа членот 12, се вели дека во единствениот избирачки список се евидентирани и граѓани те на Република Македонија кои имаат избирачко право а се на привремена работа или престој во странство. Овие лица се евидентираат    во единствениот избирачки

список, според нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминувањето во странство. Што значи, она живеалиште во членот 4, се сфаќа во смисла на членот 12.

Сметам дека имаше и одредени други забелешки што не беа изнесени тука. Пред се, не можам да прифатам дека во овој Закон треба да биде регулирано кои меѓународни организации треба да бидат повикани да бидат набљудувачи. Знаете, ние сме, претседателот на Собранието ги распишува изборите и дава повик кој сака да ги набљудува. Одредени такви барања во овој закон да се регулираат изрично меѓународни организации, сметам дека не е умесно и нема потреба да се најде во овој дел.

Би заклучил со тоа дека сметам дека забелешките на опозицијата не се многу битни и важни во однос на заедничките забелешки, мислења и предлози што би можеле да го доградиме овој закон, да дадеме можност на предлагачот да понуди закон во форма на предлог со кој што ќе организираме демократски и фер избори.

Благодарам.

(Пратеникот Панчо Минов бара интервенција, од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема реплика. Не ве спомна. Ја спомна опозицијата, да, ако сакате процедурална интервенција, повелете. Инаку, немате право на реплика. Ќе имате од групата луѓе кои ќе дискутираат, може да одговорат на овие прашања. Не е тоа проблем.

Да се договориме, кај мене има пријавено за дискусија тројца пратеници.

XV/4.-

Кој уште се јавува за збор, за да можеме да ја димензионираме расправата?

Добро, продолжуваме утре во 11 часот со работа.

Но, ве молам за точност, навистина.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот).